**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од првото продолжение на Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 1998 година**

**Скопје, мај 1998 година**

**I продолжение од 91-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21.V.1998 година**

**Дискутанти:**

1. **АРСОБСКИ БРАНКО - 22, 23, 25, 34;**
2. **АБДИ ФАИК - 6;**
3. **ДОКУЗОВСКИ КИРО – 39, 81, 83, 88, 89;**
4. **ЗИБЕРИ НАСЕР - 20, 21, 24, 26, 28, 37, 38;**
5. **ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 5, 6 ;**
6. **ЈАНКУЛОВСКИ ЖИВКО - 58 ;**
7. **КОВАЧЕВСКИ ЈОНЧЕ - 33;**
8. **КОТЕВСКИ СЛАВКО - 48, 49;**
9. **ЛАЗАРОВ ЈОВАН - 14, 21, 26, 28;**
10. **МИНОВ ПАНЧО - 63, 66;**
11. **НАУМОВСКИ ВЛАДИМИР - 2, 7, 9;**
12. **ПЕТКОВСКИ ТИТО - 1,..( води сед.)**
13. **ПРУСИ АБДУРАУФ - 32;**
14. **РАМАДАНИ ИСМЕТ - 29, 37,38, 87;**
15. **СУЛЕЈМАНИ РИЗВАН - 78;**
16. **СИМЈАНОВСКИ НАУМ - 2,5;**
17. **СТОЈАНОВСКИ ТОМИСЛАВ - 30, 73,74;**
18. **ТАНТАРОВ ВЕЉО - 16, 19, 51, 57;**
19. **ТРАЈАНОВСКА НИКОЛИНА - 31;**
20. **ТРИПУНОВСКИ МИРКО - 69;**
21. **ЏАМБАЗОВСКИ САНДЕ – 45;**

**Дневен ред:**

**Т.1. - стр.1- Аманд..расправа по Законот за основање на Македонска банка за подршка на развојот.- Дон.на стр. 8**

**Т. – 2. стр.8- Предл. за донес. на Зак. за инвест. фондови.**

**Т.12. стр.13 - Изб. на судија на Врховен суд на РМ**

**Т.3. стр.14 - Предл. на зак. за заштита и предучилишно воспитание на децата.**

- продолжува -

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**од првото продолжение на Деведесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 21 мај 1998 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија со почеток во 12,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 91-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Драгољуб Поповиќ, Ѓорѓи Атанасов, Слободан Богдановски, Јане Ангеловски, Димче Настовски и Љубомир Поповски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Во меѓувреме Владата на РМ поднесе амандман на член 17 за додавање нов став 2 и тој е составен дел на текстот на предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот за додавање нов член 17-а, поднесен од пратениците Љупчо Мешков и Наум Симјановски.

Молам, кој бара збор? (Никој).

Министерот достави предлог на Владата, односно членот е изменет, кој сега е составен дел на текстот на законот.

Дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го статам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на членот 18 став 2, поднесен од Комисијата за финансирање и буџет.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Владимир Наумовски.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Владата го прифаќа амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Отворам претрес по амандманот на член 4 став 2, поднесен од пратеникот Наум Симјановски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Владимир Наумовски.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Симјановски.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Бидејќи резултатот од политичката димензија на член 4 во овој закон веќе е јасен, веќе дефинирано со новиот амандман кој е составен дел на законот, и неизгласувањето на амандманот предложен од мое име и од колегата Мешков, очигледно дека Владата се одлучи за концептот тие ингеренции на државата РМ и во овој закон повторно да бидат во ингеренција на Владата.

Но добро е да се знаат политичките ставови на ЛДП и нормално на СДСМ концепциски како се разликуваат. Еве, ме поправа министерот дека на тој став на СДСМ се приклучува и Социјалистичката партија, бидејќи министерот е од таа партија. Но добро е да се дефинира и тој заеднички правец во комплет како тоа оди.

Овде сега со овој амандман на член 4 се предлага нешто сосема ново, сосема нова визија во пристапот кон решавањето на овој проблем, т.е. се дефинираат нови релации меѓу релацијата држава - граѓанин, релации кои се дефинирани уште со самиот Устав на РМ каде се дефиниравме како граѓанска држава, а посебно ингеренциите кои се даваат на граѓанинот како најлегитимен субјект од каде произлегува и самиот суверенитет, а и сите други определби на државата РМ. Со надеж тој суверенитет, субјективитет кој го стекнала државата од најизворното, својот граѓанин, да се пренесе на државата, ценам дека треба и државата на соодветен начин да се оддолжи кон тие субјекти односно граѓаните.

Имено, и во овој закон да им го даде правото и граѓаните да можат да учествуваат со својот личен имот, со своето лично убедување, да учествуваат и да стекнат право во подеднакви услови во државата по вакви развојни проекти да можат да бидат и лично граѓаните како физички лица субјекти во едно вакво ново создадено акционерско друштво, каде главен акционер ќе биде државата.

Мислам дека оваа уставна определба и на самиот граѓанин субјект каде е дефинирано, каде се дефинира и самото претприемништво на тој граѓанин на РМ, посебно издвоено во Уставот, а и во многу залагања кои ги протежира Владата, добро би било таа доследност со Уставот зададено право на граѓанинот на претприемништво и граѓанска иницијатива, истакнување на таа приватна сопственост и вложување било каде во развојот на државата, добро би било и во овој случај тоа право зададено со еден предмет да се инволвира во овој законски проект.

Мислам дека, тоа зададено право не би требало да се оспорува и не би требало да се анулира, туку сеуште треба да се надоградува, да се даде на значење, не само вербално да се објаснува на многу странски делегации и субјекти кои ја посетуваат РМ дека се залагале за одредени државни концепции, одредено пазарно стопанство и инволвирање на приватниот капитал. Дајте конкретно, а тоа е овој случај, да видиме да се даде право и на субјектот граѓанин да може својата лична заштеда да ја инволвира токму во едни вакви проекти каде тој потенцијал, кој го носи не само капиталот туку и личната заинтересираност на лицето, повторно да ја вратиме на она место што го заслужува. Можам да кажам дека со овој потез,

ако државата се оддолжи кон граѓаните, се надевам дека повторно ќе се покрене тој замаец на пов-торно реинвестирање на приватниот капитал, личниот капител во вакви заеднички проекти, сега барабар со државата. Може да се дефинира вндот на акции кои ќе бидат од овој приватен капитал, немора да бидат обчини акции со право на одлучување, може да бидат приоритетни акции, само да се користи дивиденда, но најбитно е капиталот што на овој начин со овој амандман би се инволвирал во овој проект директно би се вклучил во процесот на развојот на РМ. Така, и граѓанинот би се чувствувал задоволен не само со тоа повторно да се врати тоа чувство кај граѓанинот да се подобри односнот-држава граѓанин, кој сега тотално е растроен, повторно да се врати довербата на граѓанинот кон државата која оваа власт комплетно ја разниша, така што процес на враќање на доверба на граѓанинот кон државата се надевам дека ќе придонесе и на ваков начин конкретно да се види да се даде барем можност тоа да може да се инволвира.

Инаку, во други практични примери досега немало вакви случаи. Ова е навистина пример каде ќе може Владата со своето за, за овој амандман, ако не Владата тогаш останува на пратениците да го ценат тоа, да се истакнат и да искажат повторно не само декларативно туку и практично да се свртиме кон тој граѓанин, бидејќи за помалку од шест месеци, сакале или не, ќе се свртиме кон тој граѓанин кога ќе го бараме неговиот глас.

Повторувам, вербално да престанеме, да почнеме и конкретно и практично.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-динот Иванов има збор.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Г-динот Владимир Наумовски рече дословно - Владата не го прифаќа овој амандман.

Според тоа, мислам дека колегата што спомна Социјалистичка партија е не фер и некоректно, затоа што таа партија не заземала став по ова прашање.

Мислам дека секој треба да води сметка за искажаниот збор.

Според тоа, и тоа што го рече "барабар" не ми се допаѓа.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дин Симјановски, реплика.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван колега, дали тоа ви се допаѓа или не, тоа е ваше право и тука да го истакнете во мојата дискусија, кога го образложував мојот личен став по амандманот и на мојата партија и на Владата, претставникот на Владата од неговото место истакна дека покрај ставот на Владата, тој е член на Владата од Социјалистичката партија. Поради неговиот коментар и јас коментирав дека тоа е нормално став на Владата и тоа е став и на Социјалистичката партија, која е како составен дел на таа Влада како политичка паритија.

Сега ако вие како Социјалистичка партија немате колерација со вашите министри во Владата, повелете, кажете го тоа. Она што го добив како потврда од ресорниот министер, почитуваниот г-дин Владо Наумовски тоа само го интерпретирав. Оваа ваша интерпретација кажува нешто друго. Немојте мене да ме обвинувате за вашите внатрешни, ако ги имате, проблеми, ако не.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте, сепак тоа е различно, Владата и пратеничките групи, политичките партии се три различни работи.

Има збор г-дин Иванов, реплика.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ:**

Јас бев прецизен кога кажав, мене не ми се допаѓа тоа кога ссе кажа "барабар". Јас незнам за таков македонски збор. Инаку, сакав да кажам да се издиференцираат работите, кога кој настапува во името на Владата, кога се настапува во името на пратеничката група или во име на партија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Фаик Абди.

**ФАИК АБДИ:**

Мислам дека овој проект е еден од најсериозните и големите кој го обмисли РМ во рамките на нашето вклопување кон Запад. Ако било каде се формира национална банка, овде ние велиме Македонска национална банка за развој, ние мора да бидеме многу посериозни и да знаеме како и во другите држави се формираат тие национални банки. Фала богу, дај боже ќе има овде и кај нас некој си австралиски Ален Бонд, што од цела држава и од него, полека полека богатството му оди пак во државата, се прелева, дури тогаш ќе можат и физички лица, кога ќе имаме такви богаташи, да учествуваат во создавањето на овој капитал кој ќе послужи за развој, односно најбогатите.

Мислам дека, преурането е во создавањето на една ваква банка да мешаме физички лица. Нека тоа биде работа на државата, под закрило на државата и на одредени банки, корпорации од надвор и лека полека да се збогатат барем оние кои ќеможат својот развој да го видат преку оваа банка. А сигурно има место за физички лица и во други банки да учествуваат и да го дадат својот капитал и нивниот капитал да се оплоди.

Според тоа, сметам дека треба да го респектираме мислењето на Владата и не би рекол дека луѓето незнаат што е ова. Нека ми прости мојот голем пријател Наум Симјановски, многу ми е жал што не го слушав добро зашто тврд сум на ушите г-динот Љубисав Иванов, меѓутоа мислам дека е вред како што предложи Владата и вред е ставот што го зазема министерот. Најубаво е за вакви работи да не бидеме поголеми папи од папата, односно тоа е многу стручно работено прошетано и видено и тоа е тоа, а понатаму пак ќе се видиме за некои други работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара бзор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? 10 пратеници гласаа за.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

(Од место). Има уште еден амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да видиме, да не сме испуштиле некој амандман.

Има еден амандман, тоа практично е техничка грешка.

Амандманот е на Комисијата за финансирање и буџет на член 19: "во ставот 1 зборовите "и инспекциски" се бришат, ставот 2 станува нов член 19-а, а ставот 3 станува нов член 19-б".

Отворам претрес по амандманот на член 19.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор министерот Владимир Наумовски.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Владата го прифаќа овој амандман.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Благодарам. Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по текстот и предлогот на законот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака. (61 пратеник гласаше за).

Дали некој има против? (Еден пратеник е против).

Дали некој се воздржува од гласање? (Ниту еден пратеник не се воздржува).

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за основање на Македонска банка за поддршка на развојот.

Преминуваме на втората точка - Предлог за донесување на Закон за инвестициони фондови.

Предлогот за донесуваше на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

Има збор г-дин Владимир Наумовски, министер во Владата на Република Македонија.

**ВЛАДИМИР НАУМОВСКИ:**

Почитуван претседател, почитувани пратеници, дами и господа, појавувањето на инвестиционите фондови претставува новина во финансиската структура на Република Македонија. Се побрзото приклучување на Републиката кон светските финансиски текови ја наложи и потребата од прилагодување на постојните финансиски организации и формирање на нови кои ќе бидат компатибилни со оние во развиените земји, кон кои се стреми и нашата земја. Со востановувањето на инвестиционите фондови ќе се овозможи и поголема конкурентност помеѓу постојните банкарско финансиски организации во Република Македонија, со тоа што ќе се овозможи формирање на нови финансиски институции кои ќе работат врз принципите на пазарната економија со единствена цел да прибираат слободни парични средства од инвеститорите и потоа тие средства да ги инвестираат во различни финансиски инструменти (хартии од вредност, пари, девизи).

Со донесувањето на Законот за инвестициони фондови ќе се овозможи и поголема транспарентност пред домашните и странски потенцијални инвестиори, во поглед на донесувањето на инвестиционите одлуки, а истовремено ќе се овозможи и високо ниво на заштита на нивните вложувања. Инвестиционите фондови се промовираат во Република Македонија како финансиски институции различни од постојните (банките, штедилниците, и сл.) кои имаат потенцијал да ја одиграат улогата на двигатели на пазарот на капитал. Во земјите со развиен пазар на капитал, каде што инвестиционите фондови постојат подолго време и постигнуваат значајни резултати во работењето, нивното постоење е еден од клучните фактори за успешниот развој на пазарот на капитал воопшто. Компаративните искуства потврдуваат дека и во земјите каде развојот на пазарот на капитал е во почетна фаза, како што е случај и со Република Македонија, воведувањето на инвестиционите фондови ќе значи развој на пазарот на капитал.

Воведувањето на инвестиционите фондови во Република Македонија ќе овозможи акумулирање на слободниот капитал, кој можеби никогаш не би се јавил на пазарот на капитал - пред се заштедите на малите инвеститори, кои на овој начин можат да се здружат и преку професионалното управување со здружените средства, да се овозможи оплодување на капиталот. Воедно, со вложувањето на средствата во диверзифицирани портфолија на хартии од вредност се очекува да се оствари и диверзификација на ризикот при вложувањата, со што во голема мерка ја зголемува сигурноста на инвестициите.

Содржински, законот ги уредува условите за основање инвестициони фондови (кои можат да бидат отворени и затворени, зависно од начинот на нивното основање и работа), и друштва за управување со инвестициони фондови (кои управуваат со инвестиционите фондови согласно статутот на фондот и одредбите на законот). Воедно, законот го уредува и начинот на нивното работење и контролата над работењето, како и работата на депозитните банки, чија основна улога е чување на имотот на фондот. Друштвото за управување со фондови и депозитната банка при извршувањето на своите обврски мораат да делуваат независно и исклучиво во интерес на сопствениците на удели и акции во фондовите, зависно дали фондовите се од отворен или затвотрен тип.

Работењето на инвестиционите фондови е високо регулирана и контролирана дејност во сите земји каде истите функционираат. Со законот се предлага регулативната функција во работењето на инвестиционите фондови да ја врши Комисијата за хартии од вредност, која го контролира работењето на инвестиционите фондови, друштвата за управување со инвестиционите фондови и депозитните банки, во доменот на работењето на инвестицнионите фондови. На овој начин, работењето на инвестиционите фондови станува едно од највисоко регулираните дејности во финансискиот сектор.

Од сето ова произлегува потребата за усвојување на предлогот за донесување на закон за инвестициони фондови. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

На Собранието му предлагам да го усвои следниво заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на Закон за инвестициони фондови.

2. Владата на Република Македонија да изготви и на Собранието ќе му достави Предлог на закон при што ќе ги има предвид мислењата и укажувањата содржани во извештаите на работните тела, како и укажувањата и излагањето на претставникот на Владата.

3. Овој заклучок, заедно со извештаите на работните тела да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии.

Кој е за предложениот заклучок, молам да крене рака? (55).

Дали има некој против? (Нема).

Дали има воздржани? (Нема).

Молам за точниот број за присутни пратеници во салата.

Предложениот заклучок повторно го ставам на гласање.

Кој е, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (Не).

Дали има некој воздржан? (Не).

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

Заради ажурирањето во работата на Врховниот суд е замолница од претседателот на Републичкиот судски совет точката 12 - Предлог за изборна судија на Врховниот суд на Република Македонија да го ставам на дневен ред сега, пред да продолжиме со расправата пред останатите точки.

Јас ви предлагам да го усвоиме овој предлог.

Минуваме на точката 12 - Предлог за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија.

Предлогот за избор на судија на Врховниот суд на Република Македонија и мсилењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени, односно поделени.

Отворам пртрес. Молам, кој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за избор на судија на Врховниот суд на Република Макеоднија го ставам на гласање.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (64 пратеници).

Дали има некој против? (1 пратеник).

Дали некој се воздржвуа од гласање? (Никој).

Констатирам дека Дане Илиев е избран за судија на Врходаниот суд на Република Македонија.

Во ваше и мое име му честитам на изборот и му посакувам успех во професионалниот ангажман.

Одиме натаму. Минуваме на точката 3 - Предлог на Закон за заштита и предучилишно воспитание на децата.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес, молам кој бара збор?

Има збор г-дин Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе. Очекував министерот да даде, евентуални, воведно излагање, а еве јас сум задолжен во име на Комисијата за образование и наука да дадам извештај што се дискутираше и што предложи Комисијата.

Комисијата смета дека донесувањето на новиот Закон за заштита и предучилишно воспитание на децата ќе обезбеди единствено уредување на прашањата од областа на заштитата, предучилишното воспитание и одморот и рекреацијата на децата. Воедно, тоа ќе значи и усогласување на уставните одредби за обезбедување посебна грижа и заштита на семејствата и соодветно на конвенцијата на Обединетите нации за правата на децата, чиј потписник е Република Македонија. Воедно беше истакнато дека донесувањето на законот, ќе обезбеди поголем опфат на децата од предучилишното образование.

Во општиот претрес по Предлогот на законот Комисијата посебно внимание посвети на решенијата што се однесуваат на старосната граница и бројот на децата со право на детски додаток, на утврдување на материјалнат положба на семејството и сл. Во тој контекст Комисијата предложи два амандмани што ќе ги образложам, а всушнсот амандманите беа во основното решение на Предлогот за донесување на закон. Се однесуваат на правото на детски додаток да им припаѓа на родителот или родителите за првите три живи родени деца, по редот на раѓањето, и

Вториот амандман, старосната граница од 18 години да се помести на 26 години за редовните студенти, со оглед дека материјалната положба на студентите и така е многу лоша, нема стипендии, нема кредити. Ценевме дека детскиот додаток е тој што треба да остане, иако не е некоја голема сума на пари, а и бројот на кроисниците не е толку голем за да направи некое нарушување во фондот. Се работи веројатно за околу 2.000 - 2.500 редовни студенти што сметаме дека треба да бидат опфатени.

Комисијата предлага на Собранието на РМ да го разгледа и да го донесе Законот за заштита и предучилишно воспитание на децата, при што да ги има предвид предложените амандмани. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој друг бара збор?

Има збор г-дин Тантаров.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе на Собранието на РМ, почитувани пратеници и министри, Предлог на законот за заштита на децата, односно генерациите што треба да ја градат иднината на слободниот дел на Македонија го прифаќам и ќе гласам со посебно задоволство.

Ке гласам, затоа што со овој закон заштитата на децата ќе биде регулирана онака како што таква заштита имаат децата низ цела Европа, некаде богата, некаде сиромашна. Се разбира, се според чергата на државата.

Веднаш да кажам дека денеска пред нас се наоѓа еден мошне добар закон, закон што нуди решенија во областа на заштитата на децата. Тоа е закон, што би рекле повеќе пратеници, скорен според моделите на современа Европа.

Инаку, моите забелешки на овој закон се однесуваат на два члена, со кои што се регулира правото на детски додаток и фунцкионирањето на градинките во кои претстојуваат децата.

Како што е познато, средствата за детски додаток и работа на детските градинки, со овој закон сега се обезбедуваат од Буџетот на РМ. Тоа значи дека дел од народните пари ќе се

трошат за обезбедување за подобар живот на децата чии сиромашни родители не се во можност да им го дадат тоа што им треба на своите деца. А, колку парите од детскиот додаток се доволни за задоволување на потребите на децата во ова време на сиромаштија, тоа е веќе друго прашање. Знам дека детскиот додаток е мал и не стига да се купи ниту млекото за децата, а не станува збор за нешто друго. На овој план се залагам Министерството за труд и социјална политика да се ангажира околу изнаоѓање посебни средства од посебни извори за зголемување на детскиот додаток.

Господо пратеници, се надевам дека вие добро знаете кои деца до сега и на која возраст можеа да користат детски додаток. Тоа беа деца чиј родители бае вработени и имаа ниски месечни примања. Овој услов беше стар и се применуваше од тогаш откако што го воспостави стариот систем. Во изминатиот период за детски додаток никогаш не можеа да сонуваат децата на приватните земјоделци. Сега, селаните, со овој зако како работници од посебна категорија, на работници за кои нема годишен одмор, нема платено боледување, нема работно време туку се работи од утро до нови мугри, никогаш не го уживаа правото на детски додаток за своите деца. Ниту тие селани што беа вработени и имаа земјоделско земјиште, ако сакаат да земат детски додаток мораа своето земјиште да го поклонат на државата. Инаку, велам во наводници, тие ќе станеа "големи богаташи", бидејќи имаа по некој декар земја.

Господо пратеници, во времето кога се нудеа вакви поклони за детски додаток од земјата на селаните како ќар остануваше само работата. Односно, селаните работеа како "волови за слама". Знаете дека во стариот систем селанецот на државата му беше момок. Му служеше за да го полни нејзиниот буџет. Да молчи и преку 27 давачки да дава пари за се. Дури да ги плаќа и грешките што некои македонски политичари во тоа време ги направија со ФЕНИ. Зборот ми беше ако земјоделското производство чинеше пари, вработентие селани немаше заради детски додаток да се откажуваат од својата земја.

Меѓутоа, мислам дека со донесувањето на овој закон неправдата со детскиот додаток што беше до сега према селанчињата ќе биде исправена. Сметам дека македонското село ќе го памети донесувањето на овој закон и посебно, ангажирањето на министерот Насер Зибери, околу брзото донесување на овој закон, се разбира и министерката Софија Тодорова. Имаме пропис, господо пратеници, со кој што во пограничните подрачја на државата, државата плаќа придонеси за пензиско и здравствено осигурување на земјоделците кои живеат во тие села. Се со една цел, во тие средини да имаме постојани чувари на нашите вештачки граници.

Ако е така, тогаш зошто до сега се чекаше малите деца на земјоделците во овие реони, јас би ги спомнал реоните: Кишаба, Лажец, Кременица, Драгош, Живојно, Бач, Герман и цела Македонија. Немаа право на детски додаток. Овие села, господо, како и селата во ридскопланинските подрачја од целата наша држава, живееја во апсолутна сиромаштија и за децата кои живеат во тие средини мораше и до сега да се обезбеди детски додаток.

Меѓутоа, сега, со донесувањето на овој закон, мислам дека не ќе биде доцна и овие дечиња да се сврстат во категоријата на деца кои примаат детски додаток. Се разбира, и во селата, како што реков, од ридскопланинските подрачја. Реков дека неправдите ќе бидат отстранети и парите од Бу-џетот, односно народните пари од оваа година ќе се најдат и помеѓу децата на нашите селани. Инаку доста беше со тие стари приказни дека нашето село е богато и за децата на селаните не се потребни детски додатоци.

За детските градинки би рекол нешто, бидејќи со овој закон и тие ќе се финансираат од буџетот на државата. Господо јавна тајна е дека состојбите со градинките низ македонските села се катастрофални. Во битолскиот дел на Пелагонија има 120 и мали, меѓутоа и големи села. Сега засега во ниту едно село не функционира детска градинка. А под зборот градинка се подразбира што е. Во тие уставнови се чува цвеќето на Македонија. Малите деца на селаните наместо во градинка сеуште се носат по нивите, на кои што денес се расадува тутунот, се копа шеќерната репка или се окопуваат доматите. Мајките работат, а децата лежат или плачат на грутките од нивите.

Токму затоа, предлагам Министерството за труд и социјална политика да подготви една посебна информација за овие состојби и да изнајде можности и низ нашите села да почнат да се отвараат детски градинки. Затоа што како што реков, парите се обезбедуваат од Буџетот, а пред Буџетот се еднакви сите. И граѓаните и оние селани што живеат по селата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам кој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за образование и наука поднесе амандман на член 19 за додавање нов став 2, за менување на член 12 и на член 20, за додавање нов став 3, по кој Владата не се произнела.

ЗПК поднесе амандман на член 43 став 1 и 5, член 57 точ-ка 1, член 59 став 2 член 62 став 3 и за менување на ставот 4, член 70, член 87, за бришење на алинејата 7, член 110, член 111 став 1, член 113, член 115 став 1 алинеја 2, член 119 став 1 и на член 125, по кои Владата не се произнела.

Комисијата за труд и социјална политика поднесе амандман на член 24 став 1, член 45 став 1, член 81 став 1, член 118 за менување на ставот 2 и 3 и на член 123 став 1 и 2, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Бранко Арсовски поднесе амандмани на член 12, за бришење на член 13, член 23 за додавање нова точка 3, член 29 за бришење на член 80, за бришење на член 82, за бришење на член 83, член 94 став 1, за бришење на челн 114, член 115, став 1 за бришење на али-неја 1 и на став 3 за бришење на алинеја 1 и на член 124 став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Митко Илиевски поднесе амандман за менување на член 118, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Николина Трајаноска, поднесоа амандман за додавање нов член 19-а, по кој Владата не се произнела.

Пратениците Мевљан Таири, Абдулади Вејсели и Мерсел Биљали, поднесоа амандман на член 37 став 2 и на член 37 за додавање нов став 3, по кои Владата не се произнела.

Пратеникот Александар Јакимовски поднесе амандман на член 89 за менување на став 2, по кој Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот за менување на член 12, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Всушност овој член е подготвителен во членот 20, односно за амандманот III кој го поднесе Комисијата и во него се дефинира, како дете во смисла на овој закон се смета секое лице до наполнети 18 години живот, односно до 26 години живот, доколку се наоѓа на редов-но школување. Ова е вметнато токолку се наоѓа на редовно школување, како и лице со пречки во физичкиот или психичкиот развој до наполне-ти 26 години. Значи само е додадено доколку се наоѓа на редовно школување, што е подготовка, односно создавање услови за следниот амандман, каде што детето има право на детски додаток, доколку се наоѓа на студии. Така што, со оглед на неповолната материјална спогодба на голем број семејства амандманите ќе придонесат за порамномерен социјален статус на студентите и предложените амандмани беа алтернатив-ни решенија на член 12 и член 20 од Предлогот за донесување на законот. Велам во корелација се двата члена, односно двата амандмана на член 12 и член 20. Со ова само дефинираме што е дете кое што во оваа смисла има право на детски додаток.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Како што рече пратеникот се бара зголемвуање на старос-ната граница на поимот што подразбираме дете. И согласно тоа припаѓаме на детски додаток. Според сите конвенции и според нашата позитивна регулатива малолетник, односно дете е со навршување на 18 години. Ние овозможуваме таа граница да се помери до 26 години, но во посебни случаеви кога се работи за дете со пречки во психичкиет и физичкиот развој. Затоа мислам дека одредбата е адекватна и како таква треба да остане.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (13 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 12, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Амандманот не се прифаќа од исти причини, се работи за иста содржина.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Дали некој бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Јас направив тука интервенција, меѓутоа гледам дека пратениците можеби недоволно го проучиле самиот закон, а овие решенија беа во сите законски проекти. И во претходниот закон дури ова решение е присутно и во Законот за социјална заштита, тоа е присутно и во другите закони кој на некој начин утврдуваат права, меѓутоа заради тоа што Парламентот не го прифати амандманот, некоректно е јас да барам понатаму изгласување. Морам да го повлечам.

Инаку законот има суштинско прашање, кое на некој начин обезбедуваше извонредна заштита на студенти кои се материјално недоволно обезбедени. Засега беше околу 1000 денари тој детски додаток, сега го скратуааме тоа право, да знаете дека го редуцираме тоа право. Министерот е во право што Конвенцијата тврди дека тоа е до 18 -19 годишна возраст, меѓутоа кога зборуваме за дете, тогаш поимот дете е до 14-годишна возраст. Меѓу-тоа, сега зборуваме за малолетно лице, тоа значи 18, односно 19 години.

Еве јас го повлекувам амандманот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 13, поднесен од пратеникот Бранко Арсовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Овој амандман всушност значи бришење на член 13 со кој се забранува психичко и физичко малтретирање на децата, со образложение дека ваква норма, постои во кривичниот закон, каде што е санкционирано и како кривично дело. Меѓутоа точно е, ние сметавме дека со оглед на тоа што овој е матичен закон, кој ја регулира областа на заштитата на децата, правата и обврските, сметавме дека е исправно, а и во досе-гашното решение го имавме како децидна норма, да се забранува физичко и психичко малтретирање на децата и истото е казниво со закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Еве зошто тргнав јас дека не треба во еден ваков квалитетен закон кој се интересира за заштита и воспитување и рекреација на малолетни деца да немаме една ваква норма. Јас појдов од една ситуација. Ако законот има таква содржина, тогаш ние не треба да ја оптоваруваме со норма императивна, во која веќе внесуваме и казна. Со овој закон не се решаваат овие проблеми. Ние имаме Закон за семејство. Ние донесовме, ако се сеќавате, пред овој Парламент измени и дополнувања. Во Законот за семејство е кажано децидно. Кога се заштитува детето. Од едниот и од другиот родител.

Меѓутоа, ако зборуваме за трето лице, да кажеме некое трето лице го злоупотребува детето, тогаш не е решение во овој закон. Ние правиме еден некомпетентен закон. Ние донесовме и Закон за кривична постапка. Има цела глава во која се заштитува детето од инкриминирани дејствија, кое дејствие има основа на кривично дело, а тоа кривично дело се санкционира со казна. И во тој дел се знае таа постапка на кој начин постапува. Јас сметав дека министерот тоа ќе го прифати, заради тоа што нема потреба да се внесува во еден ваков квалитетен закон, кој има сосема друга интенција, друга содржина. Да не кажам благосостојба во смисла на тоа. И имепративно е тоа сега, вметнуваш нешто што треба да водиш постапка. На пример, една детска градинка ќе води постапка, ако некој направил кривично дело надвор од родителите. Тие тргнаа од оној случај што се случи во Велес и сега дајте да го сместиме тука. По мое лично убедување и стручно и практично мислам дека оваа норма во член 13

треба да се брише, да го растовари овој закон од ова, да не предизвикува други пос-тапки, а нека си остане Кривичниот закон кој е дециден, јасен, прецизен и тој ги решава сите проблеми.

Вие пратениците оцените дали сум предложил еден амандман кој има своја суштина и содржина.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Можеби требаше малку подолго да се задржам во образложението за неприфаќањето на ставот на Владата да не се прифати овој амандман и требаше да се каже дека вториот став на овој член регулира и додатна материја, а која се однесува на забрана на политичко, верско и друго организирање, како и злоупотреба на децата поради политички или верски дејствија. Тоа е втората причина, зошто неможе да се прифати амандманот за бришење на член 13. Злоупотребата не мора да биде кривично дело, за да согласно Законот за ќривично дело да се забрани, односно санкционира. Злоупотребата и од овие причини може да биде само прекршок и согласно овој закон, за прекшок ќе се казни односно ќе се гони. Инспекцијата од обалста на Министерството за образование има ингеренции и му се дава согласност на членот 13 да води таква прекршочна постапка, доколку има пријава согласно членот 13 од Законот за предучилишно образование. Вакви одредби се содржани исто така и во Законот за основно образование и за средно образование, каде што на Просветната инспекција и се дава основ да ги санкционира ваквите злоупотреби.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали уште некој бара збор?

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Мислам дека вториот став кога е за политичкото организирање повторно велам дека во овој закон не треба да го вметнуваме. Декларацијата си е јасна. Ние усвоивме Декларација овде која е на ниво на закон. Тогаш ги утврдивме односите дали со политичко организирање можеме да ги употребуваме, односно злоупотребуваме децата. Јас појдов да не пренатрупуваме одредени норми во сите закони, туку имаме еден званичен закон. Ние пратиме како држава да можеме во сите закони една иста работа да ја пренесеме и мислиме дека сме направиле квалитетен закон.

Суштината е да направиш еден закон кој ќе ја регулира една материја. Јас сум длабоко уверен дека овој член 3 многу го оптоварува законот, односно неговата суштина и квалитет.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и амандманот го ставам на гласање.

Кој е за, молам да крене рака? (9 пратеници).

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 19 за додавање нов став 2, поднесен од Комисијата за образование и наука.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Амандманот гласи детски додаток му припаѓа на родителот за првите три живи деца, по редот на раѓање на децата. Со амандманот се прецизира предложеното решение, со што ќе се овозможи родителот за првите три деца да добие детски додаток. Инаку овој став сега предложен вака со амандман, беше и основно решение во фазата на Предлогот за донесување на закон, а и одредува една популациона политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас како што ви реков Владата не го прифаќа амандманот, и следствено на тоа образложението ќе го дадам по однос на овој амандман и за следниот кој важи од пратеникот Љупчо Мешков и од двајца тројца пратеници кој е сличен, само што бројката се зголемува од три на четири.

Од причини што прво ние не сакаме воопшто да се споменува бројка, ниеден, ни тројца, ни пет ни повеќе, туку начелно се утврдува правото на детски додаток, но дека во член 31, јас незнам дали пратеникот Лазаров го има прочитано, се утврдуваат поблиските услови, односно вели поблиски услови, критериуми и начинот на остварување на правото на заштита на децата, утврдени во член 15 на овој закон, со акт ги утврдува Владата. Всушност, ние вакво решение имаме и во Законот за социјална заштита, а со посебна одлука Владата ги утврдува критериумите, бројот и начинот на остварување на социјална заштита, што значи следствено ќе биде и за овој член, односно со ова право.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Никој не спори Владата да си прави свои акти и да води своја политика, овде се предлага нешто што треба Собранието да го води како политика во оваа држава.

Значи, со овој амандман се форсира петчлено семејство. И второ, ако бројот на овој начин на корисниците на детски додаток се зголемува, јас ја немам таа бројка колку ќе изнесува тоа, но убеден сум дека таа бројка е доста голема и не верувам дека ќе се обезбедат толку пари да се покријат сите тие нови корисници. Тогаш Владата ќе мора да прави некои нови дополнителни подзаконски акти или да го симнува нивото на средствата кои што ќе се доделуваат.

Од тие причини оперирам, сепак, Собранието да води една ваква популациона политика.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Напротив, јас токму тоа го мислам, да не се прошируваат, ниту да се стеснуваат правата, стриктно со закон, туку да се остави правото и можноста на Владата, согласно финансиските состојби во државата, да може да ги уреди тие прашања, како што спомнав и во Законот за социјална заштита лично решение имаме. Всушност мислам дека не е добро од ист пратеник да се бара да се зголеми старосната граница кај едни деца, а кај другите да се....

Мислам дека е контрадикторно ако имаме пристап да го стесниме бројот на децата кои ќе примаат паричен надоместок, односно детски додаток, тогаш како правило тоа треба да провејува низ целиот закон, а не вака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Реплика бара г-динот Јован Лазаров.

**ЈОВАН ЛАЗАРОВ:**

Не милев да реплицирам, али ова е некоректно што се кажа, од еден ист пратеник.

Јас овде многу јасно кажав дека ова се амандмани на Комисијата за образование и наука, така да тоа не се мои лични ставови, а како член на Комисија нормално ги поддржувам и задолжен сум од Комисијата да го бранам.

За оној став, за студентите кога барав проширување, кажав дека тука се работи за две, до двеипол корисници, кои и досега, еве клегата Бранко Арсовски кажа и досега користеле детски додатоци. Значи не би било проширување. Меѓутоа овој амандман не го изгласавме и сега веќе заврши дискусија по него.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Почитувани колеги, г-дине претседателе, кога отворивме расправа и кога се дискутираше во општата расправа по Законот, ми беше драго што слушнав од колегите дека навистина се работи за Закон кој добро е усогласен.

Прво, добро е усогласен од двете минситерства, од Минситерството за труд и социјална политика и Министерството за образование е физичка култура, а тоа ми дава за право да кажам дека добро е усголасен, веројатно и сите тие стандарди односно закони и искуства и од ЕУ и од Советот на Европа итн. Ако веќе имаме ваков заклучок и ваков впечаток како пратеници, јас мислам дека амандамнот од Комисијата не држи, затоа што ние секогаш велиме и тоа во последно време многу почесто се слуша дека услогасуваме законски односно акти и закони кои можат да се прифатат и како закони во Европската Унија, каде што ние имаме и аспирации и цели наши да бидеме во таа законска регулатива што поприсутни. Во овој случај, бидејки неи не подготвуваме ние, да не бидам вул-гарен докрај, законска регулатива, односно закон за некои Кинески стандарди и фала богу што се ослободуваме веќе со овој закон од тие декрети кои ни беа порано, затоа што тоа е многу чувствително и не би требало понатаму, затоа што сите овие стандарди одговараат на тоа кон кое ние стремиме и мислам дека секаков амандман со ваква содржина и со ваква намера не оддалечува од тоа што значи усогласување на наша законска регулатива со ЕУ, Своетот на Европа.

Затоа јас мислам не треба да се прифати овој амандман.

**ТОМСИЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани министри, почитувани колешки и колеги пратеници, јас како член на Комисијата за образование и наука давам подддршка на овој амандман, затоа што овој амамднан практично значи одење на една активна популациона политика, затоа што се залага за едно петточлено семејство. Мислам дека тоа е она реалност која значи обратно, доближување до Европа со еден таков наталитет.

Ако ние заостануваме и ако број еден во оваа држава е невработеноста, како ние на овој начин ќе стимулираме, ако тоа значи стимулирање една тавка минимална накнада на зголемување на наталитетот, а од друга страна обврките потоа кои што произлегуваат образование во сите степени, вклучувајки го и предучилишното и можности за по големо вработување, напротив нас не оддалечуваат од теи стандарди.

Мислам дека споредбите со Европа на овој план не смееме воопшто да ги прифаќаме како некое правило. Од друга страна ние не мораме да проговориме за тоа дека имаме огромна диспропорција, дискрапанција или како сакаме да речеме, во она што значи демографски движења и популациона политика. Ние имаме еден нерамномерен прираст. Ние имаме реони и региони каде што имаме огромна пренаселеност и огромен наталитет и имаме региони каде што практично имаме многу ретка населеност. Точно овој амандман кој фаворизира на некој начин во семејството е пожелно да се има три деца, мислам дека ги задоволува и едните и другите и третите и сите цивилизациски критериуми.

Мислам дека овој амадман од комисијата треба да биде прифатен.

**НИКОЛИНА ТРАЈАНОВСКА:**

Почитуван претседателе, почитувани миснистри, почитувани колеги пратеници, бидејќи г-диниот Зибери, минситер за труд и социјална политика го исткористи правото да даде воедно коментар и на двата амандмани, односно амандманите на членот 19, за додавње на нов став 2 поднесени од Комисиајта за образование, а воедно и до група пратнеици од ПДП за додавање на член 19-а, јас ќе го изнесам моето гледање.

Идејата за контрола на размерите за хуманата популација навистина е нова. Се до неодамна, квантитативното организирање на населението не се сметаше ниту за можно, ниту пак за корисно. По иницијатива на ООН покренати се национални популациони политики насекаде на светот. Од најмногубројните аспекти на некон-тролираниот пораст на населението, нагласени се следните: Поврзаноста помеѓу порастот на населението и економскиот развој, вклучувајќи ги и аспектите, како што се семејниот живот и стабилноста на пошироката заедница, подобрување на современиот статус на жената и заштита на здравјето на мајката и детето, доборбитот на семејството и економскиот стандард, разгледување на односите за работната сила и миграцијата, донесување на правна регулатива и заштита на човековите права во биолошката репродукција.

Според предложентие документи во конфренцијата за населенитео и развојот одржана во септември 1994 година во Каиро, човечките права на фамилијата и населението ги надминуваат демографските размислувања, а едно од правата што посебно беше истакнато е задоволувањето на репродуктивните права да се спроведуваат рамноправно и праведно за да не се создава или да се покачува диспаритетот меѓу разните социјални и други групи на населението.

Документите од Конференцијата го потврдија фактот дека, заедно со ООН многу од меѓународните институции, како што се Светската банка, ММФ Светската здравствена организација, Европската економска Комисија, Американската Агенција за меѓународен развој и други, ја условуваат својата помош и финансирање на програмите за економски развој и еколошка заштита со постоење на интегрални програми за демократски активности во заедницата. Бидејќи сите тие најголеми финансиски институции активно учествуваат со соодветна финансиска помош и советодавна помош, во овие програми на интернационален план би можело да се очекува дека за такви програми ќе има прилика да бидат организирани и кај нас.

**АБДУРАУф ПРУСИ:**

Почитуване претседателе, почитувани колеги. Навистина ми е жал што денеска, еден закон кој што има една хумана димензија, некои од пратениците сакаат да го сатанизираат.

Самиот наслов на законот е Закон за заштита на децата и навистина асурдно, е тука некои од пратениците да бараат, некои деца, се подразбира, или некои пратеници да бараат

бројност во тие деца, да не бидат заштитени со овој закон. Некој од колегите кои претходно дискутираа, зборуваа за некои стандарди, меѓутоа тие стандарди, за жал редат во некои афрички и некои азиски земји. Ако добро се секравате, со пописот на населението и со неколку кратен попис на население што се извршуваше во РМ. Република Макеоднија не спаѓа во ниедна од тие земни. Меѓутоа, слободно можам да тврдам дека РМ спаѓа во тие земји кои имаат такви стандарди, мислам на друите европски земји. Врз оснвоа на тоа, јас не знам зошто ние овде треба да се оградуваме од стандардите што ги има Европа.

Затоа јас би замолил овој амднамнда да не се прифати, бидејќи не оди во заштита на децата, бидејќи ќе ја изгуби онаа хумана димензија, зошто е и предвиден.

**ЈОНЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Изенсуам личен став. Мислам дека со овој закон не може да се влијае на популационата политика во Македонија. И ако некогаш ние асоцираме на родителите, кои што некогаш можат да бидат виновни за претераниот наталитет во една популација, тогаш мислам дека децата не се криви. Бидете колку наопаку можат да се сфатат намерите на една, вистински популациона политика, која што ќе биде на долг рок кај децата кои се четврти или петти по ред. Дали се тие криви? Дали тие ќе чувствуваат ако ние денес донесеме една тавка законска одредба, ако се четврто или петто дете во фамилијата даека се виновни, дека ржавниот Буџет за тебе не предвиделе средства итн.

Мислам дека за една ваква интервенција во закон треба сериозни подготовки и на Владата и на Минситерството, консултации во парламентарните групи. Ат хок амандман на седница парламентарна, мислам дека кога се работи за деца, без оглед на кому му припаѓаат е доста осетливо. Така јас нема да го поддржам овој амандман.

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Сигурно овој амандман предизвика дискусија. Сега колку ќе погодиме, дали да го прифатиме или да не го прифатиме, тоа е прашање за себе, бидејќи навистина, амандманот бара еден сериозен аналитички приод од сите аспекти. Кога ќе го земеме сега материјалниот статус, само материјалниот статус, тогаш ние како пратеници треба комплетно да се произнесене во позитивна смисла, не по амандамнот, туку по решението на законот. Зошто? Затоа што секој субјект, секој член во семејството треба да ги ужива оние материјални услови за да може да егзистира. Едноставно да се создава една квалитетна личност. Во тој дел мислам дека нема никакви проблеми, така да не случајно за сите овие семејства предвидовме низа законски проекти кои ги заштитуваат семејствата од материјален апсект. Сега дали секое дете од стручен аспект, хуман аспект, да. детето не може да ги бира родителите или семејството.

Во тој контекст треба да направиме заштита на тоа дете што е создадено. Мора да сватиме дека не е тоа единствена форма преку која форма ние обезбедуваме севкупна заштита. Секое дете во дадениот момент и спрема она што е кажано во член 23, таму е прецизирано дека износот на детски додаток изнесува 500 денари, не знам можеби и помалку, но околу 500 денари. Така да сега се гледано од аспект, едно семејство нема 5 деца - 6 деца, по 500 денари, тоа изнесува околу 3.000 денари, гледано од сите аспекти сега дали овие 3.000 денари претставуваат голем материјален издаток, кој треба сега да ги подмири сите обврски на детето, јас викам, пак не. Ова е само еден дел кон заштитата. И сега не прифаќам дискусија дека со овој детски додатк ние ќе направиме комплетна заштита на децата. Апсурт е тоа. Немаме никава шанса тоа да го направиме. Ова е само едно надополнување.

Меѓутоа, се плашам сега со проширувањето на правата што јас ги прифаќам комплетно, сега дали нема да ги нарушиме другите форми на заштита во однос на забавишта, градинки итн. Сега треба таму да се партиципира, бидејки сепак ова проширување бара и додатни материјални средства. Во тој дел апелирам до Министерството да настојува во рамките во овој закон да има своја практична вредност. Инаку во сегашни услови јас ви тврдам и ова што го имаме сега како детски додаток е неблаговремено. Па ние имаме 6 месеци доцнење на детски додаток. Која е фукцијата на детски додаток. Никаква. Само се залажуваме еве даваме пари, ама ние во законот предвидовме за да го заштитиме семејството. Лично сметам дека тоа е аспурт и во тој дел и како држава и како министерство и ние пратениците треба да го одмериме проблемот до крај. Ако сега прошируваме број на семејства, сега бераме во законот ограничување на бројот на семејствата кои се врзани за работничко семејство или за корисници на постојана парична помош и на оние материјално што користат од Биро за вработување.

Во Законот децидно зборуваме дека материјалниот статус е основен услов за стекнување на ова право. Метѓутоа, највероаjтно сега Владата ќе процени во однос на материјални средства, со посебен акт со кој ќе ги утврди тие норми во законот. Ако е тоа пречка, светска пречка, мислам дека треба тоа да го почитуваме.

Инаку, во однос на демографската политика, односно популациона политика, претходното Собрание, пред плурализмот, донесе една резолуција во која беа сместени сите критериуми на кој начин сега државата ќе ја води таа популациона политика. Меѓутоа, со единствена цел, ние во законот и семесјтво сместивме, односно кажавме дека секој родител има одговорно родителство према она што го чини. Се она што е неодговорно го санкционираме. Не случајно јас пред малку инсистирав од член 13 да се исфрли нормата казна, поради тоа и тоа и во тој контекст дискутирав. Така да во целина сега, Комисијата за образование направила напори, овде Министерството направило, меѓутоа на крај викаме дека имаме потреба од дополнителни средства за подмирување на овие обврски. Така да и амандманот на Комисијата за образование има своја тежина, меѓутоа и решението пак е многу по хумано во однос на понудениот закон.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Го ставам амандманот на гласање.

Кој е за предложениот амандман, молам да крене рака? (43 пратеника гласаа за).

Констатирам дека Собранието го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а, поднесен од пратениците...
Господинот Зибери бара збор.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Молам, овој амандман тотално го нарушува концептот на законот. Јас ги посочив намерно членот 31 кој го регулира ова прашање. Претходниот дискутант знае добро како е решено таму со Законот за социјална заштита.

Затоа ви обрнувам внимание евентуалното усвојување на овој амандман значи повлекување на законот од постапка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, гласањето заврши овде, само можеме деловничка интервенција ако има.

Господинот Исмет Рамадани бара збор за деловничка интервенција.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Барам поединечно да се гласа за овој амандман.

Сакам поддршка од 10 пратеници.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, вие можевте тогаш да барате, да предложите дека се сомневате во гласањето во моментот. Сега е завршена работа.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Сега се сомневам во гласањето.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, добро, но можевте пред јас да поминам на другиот амандман, тогаш, а не дополнително.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

На тој амандман. Не поминавме на другиот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Поминавме. Поминав јас и побара господин потпретседател на Влада.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас тогаш дигнав рака.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, не ве видов тогаш дека кренавте рака.

Се разбира, право е на Владата во секој момент може Предлогот на законот да го повлече, нема никакво сомневање.

Одиме натаму. Отворам претрес по амандманот за додавање нов член 19-а, поднесен од пратениците Владимир Соколовски, Љупчо Мешков и Николина Трајановска.

Пратениците го повлекуваат амандманот.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Ние го повлекуваме законот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на точката 4 - Предлог-закон за земјоделско земјиште.

Предлогот на законот, извештаите на работните тела на Собранието, ви се доставени односно поделени.

Ве молам, ако барате пауза, ќе дадам пауза. Пауза до 15 часот.

(Пауза од 13,50 до15,45 часот).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 4-тата точка, Предлог на Закон за земјоделско земјиште.

Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието Ви се доставени, односно поделени.

Отворам општ претрес.

Има збор министерот за земјоделие, шумарство и водостопанство, г-динот Киро Докузовски.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Г-дин претседателе, дами и господа пратеници. Дозволете да изнесам неколку напомени околу Предлогот за донесување на законот за земјоделско земјиште, за кој што расправата беше доста богата во претходната фаза.

Овој предлог на закон за кој денес треба да расправаме и да го усвоиме, претставува креација на нашите сознанија, кое е одраз на нашата пракса и тоа е производ пред се на мислењата искажани во Парламентот и од расправата што ние ја организиравме со стручни кадри во земјата, со експерти од надвор, меѓутоа преовлада домашното искуство, домашните сознанија, а странските експерти само помогнаа во некои решенија. Инаку, не прифативме доста од туѓите искуства, особено затоа што искуствата се лоши во повеќе земји во транзиција кога е во прашање земјишна транзиција.

Во основа ги прифативме скоро сите сугестии и забелешки, а по некои противречни мислења направивме нови решенија. Најголем дел од критиките забелешките и противречните гледања по законот, беа во делот каде што предвидувавме, така да речам санкции во случаи кога сопственикот на земјата нема да ја обработува.

Во текстот на законот, како што беа и забелешките, тој дел го изоставивме и како што гледате Предлогот на законот овој дел него содржи, што значи не се предвидуваат никакви санкции за тие што земјата нема да ја обработуваат. Се вели дека само со економски мотиви со заинтересираност на земјоделците, сопствениците на земјата ќе обезбедиме обработка, или како што е случај оваа година каде што и сами гледате скоро секаде земјата е обработена. Со никакви санкции не можете тоа да го постигнете.

Исто така, сакам да укажам дека ова е многу едноставен закон кој што има само 5-6 одредби во кои што се санкционираат некои намени особено во делот на пренамената и за некои штетни дејствија што се прават врз земјиштето. Се друго е поедноставено.

Исто така, беа поделени мислењата во расправата околу прашањето на концесиите и закупот особено во делот на времетраењето на закупнината што би се давала или концесијата на земјиштето. Во тектот на законот како што може да забележите направена е доста раздробено разграничување на намерите, односно нивно проширување и прецизирање со тоа што до 40 години проширивме и други намени, како што се оранжериите, ловишта и слично се со цел да го направиме законот по едноставен и по прецизен.

Новина во законот е можноста што ја дадовме да се дава земјиште и на краткорочен закуп до 5 години, за да може некој кој што има интерес и за таков рок да обработува земјиште да може тоа да го направи. Определбата по ригорозно да се штити земјоделското земјиште ја задржавме и во предлогот на законот, иако и тука имаше спротивни гледања. Се задржавме на решението дека треба земјата да ја штитиме од пренамена до петта класа, затоа што сметаме дека Македонија е држава која има малку земја, треба да ја чува за идните генерации, а особено што таа земја иако е малку е изложена на голем притисок за нејзина

пренамена. Сметаме дека со ова решение ќе ја штитиме нашата земја како богатство кое не може да се замени, богатство кое што не може да се множи, не може да се зголемува, затоа што тоа е единствен незаменлив потенцијал за производство.

Новина е во законот, а која што произлегува и од забелешките упатени на претходниот текст на законот, наместо за пренамена да се плаќа повеќекратен износ од катастарскиот приход на земјиштето, во законот се определивме да предложиме решение кое што значи за тие кои што пренаменуваат земјоделско земјиште, освен за земјоделски цели, кое не важи како решение, да плаќаат петократен износ од постигнатата цена на земјиштето во продажба во регионот во кој што е предмет на пренамена. Дали е пет пати малку или многу, или помалку, никој не го измерил, меѓутоа се определивме за едно такво решение поаѓајќи од тоа дека сепак тоа е одраз на нашите реални состојби, кога е во прашање промет на земјиштетот и неговата пренамена во регионите.

Сметаме дека ова решение треба да биде задржано и заради тоа што во некои региони на Македонија односот кон земјата е нерационален и сакаме да направиме поскапување на градбата на земјиште на плодни површини и ориентација на тие што планираат проектираат и градат на помалку плодни површини, бидејќи знаете не е тоа никаква филозофија нашите предци ги граделе градовите во брдата, неплодните површини итн.

Во Законот имаше забелешки со право дека министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство има преголеми права да става граници на населените места кога е во прашање урбанизацијата. Ние го прифативме тоа укажување и во овој закон стои дека министерот за урбанизам само е обврзан да побара мислење од Министерството за земјоделство, а не министерот за земјоделство да одлучува кога се во прашање граници за опфаќање на земјоделско земјиште со урбанистичките планови, без оглед дали станува збор за нови или стари.

Со законот предвидуваме сите средства од пренамена да се користат во програма која ќе значи насочување на средства за освојување на нови површини за зголемување на земјиштето, кое треба да биде доведено во култура, односно во обработувано.

Во последниве години последно е дека земјоделските комбинати живееа во една агонија, во една неизвесност, токму заради тоа што постоеше решение, односно укажување дека земјата од комбинатите треба да се одземе. По едни таа да се продаде, по други 15% од земјиштето прва, втора, трета класа во услови на наводнување и покрај инфраструктурата да биде одземено и дадено на концесии и под закуп.

Со овој закон, како што гледате тие решенија не постојат, односно комбинатите ќе продолжат да ја користат земјата и натаму под услови пропишани со овој закон, со тоа што 15% најмалку од земјоделското земјиште ќе биде, условно речено, одземено, односно тие ќе го определат кое е тоа што ќе биде дадено на концесија, конкретно во случајов станува збор под закуп на земјоделци.

Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство ја врши постапката, ги спроведува одредбите, со тоа што сите претпријатија кои досега го користеа земјиштето ќе бидат подвргнати на посебно согледување дали земјиштето го користеле или го давале под закуп на други. Во првиот случај кога земјиштето го обработувале сами ќе се применува правилото 15% од земјата која ја обработуваат. Тоа значи дека за земјата што тие ја дале сами под закуп, нема да биде земено во овој концепт.

Меѓутоа, во Законот се предвидени посебни постапки добро образложени за начинот на давањето на концесиите, односно на земјиштето под закуп. Рокот е 90 дена за да се земе се тоа во постапка, а Министерството е веќе организирано со посебен сектор и екипа која што ќе почне по донесувањето на законот да го спроведува, бидејќи сакаме во текот на есента да не испуштиме ниедна сезона за дел од земјата која сега ја користат, или не ја користат, некои сопственици да биде ставена во раце на тие што ќе ја користат по рационално.

Што е тоа што во Законот не е опфатено, а беше дискутирано.

Прво, не е прифатена забелешката да се извлече од Законот дел што значеше можност Владата да дава земјиште на социјално загрозени лица, бидејќи оценивме дека таква одредба мора да постои, бидејќи Македонија според Уставот покрај другото е и држава која има социјална сигурност. Оттаму останува можноста вакво земјиште на плодоуживање на еден период да користат и социјално загрозени лица.

Исто така, во законот не ги прифативме определбите државата да биде таа што ќе учествува во купување на земјиштето кое го понудува сопственикот на сосопственикот и кое се нуди на соседот, со цел да се окрупни земјоделското земјиште. Државата ја исклучуваме од оваа постапка за да ја олесниме работата на сопствениците и да го избиеме, така наречениот страв кој што постои кај сопствениците дека државата е таа која што прети врз сопственоста на земјоделското земјиште. Значи, во постапката за водење на продажба се вклучува само сосопственикот и соседот, трет нема.

Не се прифати мислењето, кое што беше и овде искажано и во други кругови, а особено од странски институции да се продава државната земја на граѓани. Тоа не го прифативме и мислам дека, не треба да губиме време да го образложуваме зошто, бидејќи е на сите познато.

Да завршам со тоа дека, со овој проект завршуваат реформите во земјоделството. Неизвесноста се елиминира со ова. Предвидуваме да бидат со овој закон дадени 50.000 ха земјиште, кое сега државата го давала на користење на земјоделци, или не било распределено да се користи под закуп и по основ на 15% одземање на земја од комбинатите и задругите кои сега користат да бидат одземени, односно дадени на нови корисници околу 21.000 ха земјиште. Постапката е пропишана и ќе се остварува во текот на есента.

Ова го укажувам за да потенцирам една работа. Во Македонија мислам дека има појави кои што сами без закон прават обиди да стават ред во земјиштето. Во тие месни заедници, кај тие градоначалници, каде што оваа постапка е спроведена уште во претходната постапка, законот ќе биде докрај применуван доследно и Министерството е спремно постапката да ја заврши, а селаните да не ги ставаме во улога да бидат тие што ќе ја делат земјата. Земја има доволно за сите, само потребна е спремност таа да се обработува, бидејќи целта на законот е земјата да ја користиме најрационално.

Со оглед на тоа ќе повторам, забелешки во јавната расправа и во расправата во Собранието немаше, има малку амандмани, мислам дека Собранието ќе го усвои овој

Предлог на закон, кој што ги задоволува сите интереси во државата и обезбедува сигурност и на земјоделците и на тие што сега егзистираат во општествениот сектор досегашен.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Има збор г-динот Санде Џамбазовски.
**САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ:**
Г-дине претседателе, г-да министри, претставници на Влада, дами и господа колеги. Пред нас се наоѓа закон, системски закон од областа на земјоделството кој има големо значење. Значењето и донесувањето на овој закон не е само затоа што претставува општ интерес, туку затоа што од начинот на користењето на земјоделското земјиште зависи, односно земјоделското земјиште претставува база за целокупното индустриско производство од начинот на користењето на земјоделското земјиште зависи висината и квалитетот на индустриското производство, од начинот на користењето на земјоделското земјиште егзистираат, односно многу подобро ќе егзистираат голем број на граѓани на Република Македонија.
И од начинот на користењето на земјоделското земјиште ќе имаме далеку подобро земјоделство, односно подобро земјоделско производство и земјоделското производство ќе има поголемо учество во целокупното стопанство во Република Македонија.
Со оглед дека Законот се наоѓа во последна фаза на донесување, јас ќе бидам краток во својата дискусија, бидејќи ќе има амандманска расправа па би било по корисно да се вклучиме во амандманската расправа. Се јавив на говорница за да ги кажам позитивните страни на овој закон, бидејќи сметам дека денеска расправаме за еден квалитетен закон од оваа област.
Со овој закон се предвидува Владата да донесува пообемна програма за освојување на нови површини. Тоа за мене е многу позитивна работа. Со тоа ќе успееме да ги зголемиме обработливите површини, бидејќи целокупното земјоделско земјиште е ограничена површина до милиметар. Целата борба ќе ни биде расположивото земјиште да го претвориме во што поголем дел во обработливо земјиште, со претпоставки дека ќе добиеме поголемо производство.
Овој закон претполага окрупнување на парцелите на земјоделското производство, бидејќи со регулирањето на прометот на земјоделското земјиште се овозможува, односно претпоставува и окрупнување на парцелите на земјоделството, бидејќи во законот е предвидено прво да се понуди комшијата, односно сосопственикот, соседот, итн. со што ќе се овозможи групирање на и онака раситнето земјоделско земјиште, со кое што располага Република Македонија.
Со одземањето на 15% од комбинатите на земјоделското земјиште, односно решението кое е предложено во законот, за одземање 15% од земјоделското земјиште, мислам дека е добро решение, затоа што ќе се измени односот, квалитетно ќе се измени односот на приватно и државно земјиште, со тоа што ќе се зголеми обработливото земјиште од приватниот сектор, а нема да се нарушат целините на акционерските друштва, односно земјиштето што го обработуваат акционерските друштва. Мислам дека, е тоа едно добро решение и претполага дека ќе даде подобри резутати.
Од начинот на користењето на земјоделското земјиште, односно законот претполага и решавање на социјалата, на дел од социјалата на Република Македонија преку издавањето на земјоделското земјиште како плодоуживање, односно на оние работници, оние семејства кои се стечајни работници, оние семејства кои се послабо имотни итн. со што ќе реши еден дел од социјалата.
Со законот се регулира правната сопственост на земјоделското земјиште. На никој бланко не му се дава располагање на земјоделско земјиште, туку со законот се регулира државното земјоделско земјиште кое нема да се обработува во акционерските друштва, може да се одземе и да се дава на оние кои што сакаат да обработуваат земјоделско земјиште, што значи и тука има една позитивна работа во законот која претполага подобро земјоделско производство.
Пренамената на земјоделското земјиште, јас нема да навлегувам дали е многу или малку, бидејќи таму е предвидено да се плаќа 5% доколку се гради на плодно земјоделско земјиште. Мислам дека е тоа добра заштита, бидејќи и онака ограничените површини што ги имаме ако дозволиме на плодното земјоделско земјиште да се градат градежни објекти од траен карактер, тогаш со тоа ќе ги намалиме обработливите површини, а се разбира со тоа ќе го намалиме и целокупното земјоделско производство.
Јас не би должел повеќе, само ќе кажам дека ќе гласам за овој закон, бидејќи сметам дека се работи за еден квалитетен закон, закон кој дава добри решенија за искористување на земјоделското земјиште, се разбира заедно со сите други закони кои што ја регулираат оваа област.
**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**
Има збор г-дин Котевски.
**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**
Г-дин претседателе, г-дин министре драги пратеници. Предлогот на Законот за користење на земјоделско земјиште, е еден од најважните закони од областа на земјоделието.
Овој закон ќе претставува премин од социјалистичко земјоделие во приватно земјоделие. До доаѓањето на седница денеска беа организирани доста советувања, тркалезни маси со учество на претставници од повеќе институции било научни, или други кои го поддржаа концепциски овој закон.
Поаѓајки од тоа дека земјоделското земјиште е добро од општ интерес за зголемено производство на храна, со овој Предлог на закон всушност се регулира користењето на земјоделското земјиште, располагањето со него, заштитата без оглед на тоа сопственоста дали е државна или приватна. Ние овој закон треба да не го носиме со основна цел за да исполниме некои услови за користење на кредити од меѓународни институции. целта јас ја сваќам поинаку, го носиме за да предизвика револуција, натпревар кај земјоделците да не остане ниедна педа необработена земјоделска површина. Сега во Република Македонија по мое убедување, мислам дека има огромни површини плодни необработени. Исто така, тие површини дали се на земјоделски комбинати, земјоделски стопанства, или физички лица мислам во голема мера не можеше да се утврди.

Меѓутоа мислам дека со овој закон тоа прашање треба да биде регулирано. Добро е тоа што државата зазеде став земјиштето да не го продава, да биде државна сопственост и го дава на користење со концесии, закуп и плодоуживање. Во член 15 од овој закон земјоделското земјиште државно е предвидено да се дава на концесија, под закуп и плодоуживање. Имаме концесија за ниско производство, мислам предлогот кој што е даден во Предлогот на закон по мое сметам дека, односно што е даден од 20 до 30 години временски период, оранжериското производство од 30 до 40 години и долгогодишни насади од 30 до 40 години.

Јас ќе се задржам само кај ниското производство односно кај таа концесија. Појасно да биде, кај земјоделски површини кои произвдуваат едногодишни растенија: пченица, шекерна репа и други земјоделски производи. Мислам дека оваа концесија требаше да биде пократка од 10 до 20 години. Тука нема инвестирање долгорочно. Овде инвестирањето е краткорочно, односно година за година. Исто така, мислам дека не е доволно кажана, ние имаме површини од прва класа до пета класа.

Концесијата од прва до трета класа времетраењето по мое убедување требаше да биде најмногу до 10 години, а од четврта до пета класа да биде од 10 до 20 години, а роковите што се дадени за давање на земјоделско земјиште било под закуп, или полдоуживање мислам дека се добри. Некои амандмани кои ние како Комисија за земјоделие ги поднесовме добро е што од страна на г-динот министер за земјоделие беа прифатени. Мислам дека и амандманот на самата седница ќе биде прифатен само физичко лице како државјанин на Република Македонија да има право за користење на земјоделско земјиште било по кој основ има право да конкурира.

Мислам дека е направена една неправда кон земјоделските комбинати кои купувале земјоделски површини со издвојување на средства одејќи напонизок личен доход, купувајќи од разни физички лица со цел да ги зголемат површините за поголемо производство државата и тие површини ги стави под иста капа. Требаше тие површини да имаат поинаков третман.

Во член 32 став 3 се вика: се забранува разорување на ливади, пасишта и необработени површини со наклон над 15%, се разбира нивно претворање во ораници. Овој став мислам дека треба да отпадне, затоа што се коси со самиот закон, а ние знаеме дека имаме огромни земјоделски површини било Прилепско, Штипско, Овчеполско по две, три години необработени, мислам дека не треба да ги оставиме така.

И на крајот со Предлогот на Законот за земјоделско земјиште во глава 8, корисниците на државното земјиште во рок од 90 дена од денот на влегување во сила на овој закон земјоделското земјиште најмалку 15% од вкупното земјиште ќе му биде дадено на користење на приватници, односно на оние што се заинтересирани. Мислам дека тука посебно ќе се јават голем дел на земјоделски производители, посебно оние кои што имаат недостиг на земјоделски површини.

Законот ќе го подржам и ќе гласам за негово донесување.

**ВЕЉО ТАНТАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани дами и господа пратеници, Предлог законот за земјоделско земјиште односно јас би го нарекол уставот според кој ќе се заштитува и искористува земјата на која се произвддува, или може да се произвдува храна, го поддржувам и за него ќе гласам да Ви кажам право со посебно задоволство.

Ќе гласам затоа што по донесувањето на Законот за денационализација, со кој на приватните земјоделци треба да им се вратат, или платат околу сто илјади хектари обработлива земја, пасишта, утрини и шуми. Со овој нов аграрен закон се создаваат убави можности на нашиве селани како што рече министерот Киро Докузовски, да им се отстапат за работа уште 70 илјади хектари државна земја за организорање на нивното селско стопанство производство, или накратко речено нашиве селани ќе добијат шанси покрај своите 450 илјади хектари обработлива површина/таа површина да ја прошират својата дејност на уште околу. 120, 130 илјади хектари обработлива површина.

Тоа се ораници како што реков што на селаните ќе им бидат вратени со Законот за денационализација и законот што денес треба да го донесеме, односно станува збор за Законот за земјоделско земјиште.

И министерот во своето уводно излагање рече дека дел од тие површини ќе бидат одземени од државните комбинати и задруги. Дали на овие комбинати и задруги ќе им биде мила оваа мерка, или не, нема кој да ги праша. Законот си е закон и ќе мора да се спроведе. Под закуп, или под форма на плодоуживање на државната земја што Владата ќе им ја додели на сиромашните селани, стачајни работници, или невработени лица. Во ова тешко време низ кое минува нашава држава и нејзиното село со околу 180 илјади земјоделски домаќинства што имаат просечни земјоделски имоти од околу 3 хектари, добро е што Владата на Република Македонија преку овој закон презема вакви чекори.

Посебно радува фактот што со овој закон безимотните селани, селаните стечајци и невработените селани ќе добијат парче државна земја за да го крпат животот во селото до доаѓањето на подобри денови за нашава државичка. Реков дека ќе го поддржам овој закон, затоа тшо барањата од моите бирачи, селани за да добијат повеќе земја за работа што на оваа говорница веќе три години ги постави безброј пати, ги пренесував безброј пати на оваа говорница, сега како така со овој закон и со Законот за денационализација ќе бидат исполнети. селата ќе добијат дел од државната земја, ќе си ги вратат утрините, пасиштата, шумите, и се што е земјоделско.

Во расправата по првата верзија од овој закон имав многу забелешки. Меѓутоа, најголемиот дел од тие забелешки на овој закон се вградени во Предлог законот, а денес кога расправаме по овој закон уште еднаш ќе се навратам на тие забелешки и укажувања, доколку можат да најдат место во овој законски документ за земјоделско земјиште. Имено станува збор за купопродажбата на земјоделското земјиште, закупот на државна земја и правото на плодоуживање на државното земјиште од страна на селаните, или другите граѓани од нашава држава.

Прашањето како во наредниот период ќе се врши купопродажбата на земјоделското земјиште за кое сакам да зборувам во овој Предлог на Закон за земјоделско земјиште е регулирано во член 14. Со него се воведува правото на предимство кое што како што е познато пред 2, 3 години од непознати причини нашиот Уставен суд го поништи и нека му

биде на чест. Значи во овој закон повторно се воведува правотона предимство на купување на земјата и тоа е добро за окрупнувањето на земјоделското земјиште во приватниот сектор и стопирање на појавата една површина од 2, 3 декари да се дели на десетина парчиња и повеќе. Значи ако некој продава земја според овој закон истиот е должен да му ја понуди на неговиот сосопственик, на братот, сестрата, или на првиот комшија со земјата. Меѓутоа, ако не дојде до продажба на земјата, земјата може сигурно, бидејќи во законот не е ставено ништо, ниту збор на овој план може да му се продаде на било кој и било од каде да е. Мислам дека оваа форма на купопродажба на земјата треба да претрпи извесни измени

Имено се залагам земјата да не можат да ја купуваат граѓани што не се државјани на Република Македонија и не живеат во атарот каде што се продава предметната земја. Зошто го предлагам ова? Го предлагам затоа што ако се дозволи слобода на пазарот на земјоделското земјиште во приватниот сектор широко ќе се отворат вратите нашата земја да ни ја купат за големи пари туѓинци од Грција, Бугарија, од Косово, од Србија и од каде не. Господа вакви купувачи на земја во Пелагонија подолго време крстарат.

Господа пратеници во слободниот дел на Македонија не треба да се дозволи ваква купопродажба на земјата. Ние мора да признаеме дека во нашава мала државичка делуваат разни странски организации со разни програми за рушење на нашите меѓунационални односи. Јавна тајна е некои од нивна некои малцинства им доделуваат кредити за се и сешто и за купување на земја се разбира од македонците. И тие се вклучени во разбирање на нашето вековно единство. Сакаат брзо да стигнат до целта: чија е земјата, негова ќе биде и државата. За да се спречи ова зло би рекол за Македонија дали на експертите од Европа, или Светската банка ќе им се допадне или не, тоа е нивна работа. Ние мора да ставиме рампа на слободниот пазар на приватната земја, а рампата според мене е јасна. Како што реков пред малку земјата да неможат да ја купат купувачи што не се државјани на Македонија и не живеат во атарот каде што се продава таа земја.

И на крајот се залагам, ако земјата не ја купат сосопствениците, или оние земјоделци што се комшии со таа земја, тоа да го стори државата. Ако земјоделското земјиште со член 2 од овој закон се прогласува како добро од општ интерес за државата, зошто државата да стои на страна од купувањето на земјоделското земјиште. Таа има своја земја и би требало да купува нова земја, се разбира се додека да почне да ја продава нејзината земј-а. Нашава држава и министерот рече дека земјата не ја продава и добро е што не ја продава. Тогаш зошто и да не купува нова земја кога веќе таа земја што ја има не ја продава. Некој ќе рече дека нема пари.

Мислам дека ако се решиме на една ваква мерка за заштита на нашата држава од влегување на странци и купување на земјата ќе се најдат доволно пари за таа цел. Парите од закуп на земјата, од концесии, од пренамени на земјата треба да се трошат за оваа намена, за друго не.би рекол од земја, за земја. Кога државата некогаш ќе реши да ја продава својата земја во што не верувам дека до тоа некогаш ќе дојде, нека купува земја од оние што не ќе можат да ја продадат на друго лице, односно меѓу сосопствениците и првиот комшија на земјата. Било од која класа да е таа земја, државата мора да ја купи. Министерот сигурно ќе рече дека Европа не дава воведување на ваква мерка.

Господа пратеници, точно е така дека Европа не дава вакви мерки. Но, ние додека да влеземе во куќата на Европа ќе си работиме така како што знаеме, така како што рече и министерот дека сами си направивме закон, без многу да ги слушаме луѓето од страна. Според Предлогот на овој закон, државната земја може да се дава под закуп и концесија. Оваа мерка е добра и заслужува голема подршка. Меѓутоа мислам дека право на закуп треба да имаат само земјоделците. Исто така, се залагам земјата што се дава под закуп да ја земаат под закуп селаните што работат и живеат во атарот каде што се издава таа земја под закуп. Мислам знаете зошто го барам тоа.

И нешто друго, со законот за приватизација на македонските комбинати и задруги, им дадовме можност да бидат ослободени пет години од плаќање на закупнина на земјата што им е дадена под закуп. Зошто и селаните да не бидат ослободени од оваа обврска кон државата, барем една година откако ќе почне да функционира овој закон за земјоделско земјиште. Во новиот Закон за земјоделско земјиште за мене посебна новина претставува доделувањето на земјоделско земјиште од страна на Владата за плодоуживање на сиромашните селани, стечајни работници, социјалци, или пак работници што не се на работа, а живеат во селото. Значи овие граѓани ќе можат да користат државна земја без да плаќаат надоместок, или тој надоместок ќе биде сосема симболичен. Тоа е добро, добро е тоа што државната земја на овие маченици ќе им овозможи со сопствен труд да си обезбедат каква, таква егзистенција.

Се надевам дека оваа владина мерка низ нашите села ќе биде широко прифатена и почнува да се прифаќа. Со овој закон битолското село Кременица што се наоѓа крај самата вештачка граница, е село без педа земја, единствено село без земја во Македонија, ќе си оствари подобра иднина, се надевам дека со помош на нашето Министерство 50-тина домаќинства од ова погранично село ќе добијат земја под формата за плодоуживање од државна земја и ќе можат барем во текот на оваа есен или идната пролет да почнат да се занимаваат со земјоделско производство. Во ова село живеат стари земјоделски пензионери, млади деца без работа и работници што се отпуштени како технолошки вишок од Комбинатот "Пелагонија" или од претпријатијата во кои работеа. Во изминатите 3-4 години за ова село немаше решение, меѓутоа со донесувањето на овој закон, еве Кременица има среќа да добие земја за работа, да живее и да ја чува границата на ова место.

Сега би кажал нешто за еден, за мене значаен член, за членот со кој нашата држава се реши сепак да одземе 15% од земјата на државните комбинати и задруги и да ја даде под закуп на земјоделците или на други правни лица. Господа, јас ова прашање на оваа говорница го покренав безброј пати и секогаш се одговараше дека нема да се дозволи растурање на комбинатите и претворање на македонското земјоделство, како што е сега со резилакот на земјоделството во Бугарија. Меѓутоа, изгледа дека стравот од тоа кај нашата Влада е избркан и таа дозволи од земјоделските комбинати да се одземат овие 15% земјоделско земјиште и да се даде на приватните земјоделци.

Јас се надевма дека со оваа обврска што е внесена во Законот за земјделско земјиште, меѓутоа, за жал, ставен е на посебно место во содржината како во завршни одредби, многу

селани за кусо време ќе се појават пред шалтерите на подрачните единици за земјоделство и ќе бараат земја за обработка.

Господине министер, имам задача да ве поздравам од Егри, Егри бара 300 ха државна земја да посее шеќерна репа и да обезбеди околу 3.000 вагони шеќерна репа за Битолската шеќерана, само под услов да се спроведе во дело оваа мерка.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Јанкуловски.

**ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, господа пратеници, пред нас се наоѓа последната фаза од Законот за земјоделско земјиште, кој закон истовремено ја заокружува целината околу трансформацијата во земјоделството. Во секој случај многу значаен закон во оваа гранка во нашата држава и кога и така располага со скромен земјишен фонд има обврски истиот добро да го искористи за да обезбеди максимум храна за населението во РМ, а од некои змјоделски производи и за извоз.

Со оглед на тежината на овој закон, добро е што има разменето мислења на тркалезна маса со повеќе значајни институции, како што се Земјоделскиот факултет од Скопје, Агенцијата за трансформација, Светската банка, ФАРЕ и други, а истовремено добро е што се прифатени доста значајни амандмани односно предлози од претходната фаза, така што со прифаќањето на уште неколку амандмани на денешнава седница сметам дека овој закон ќе биде доста квалитетен и спроведлив во пракса. За тежината на Законот за земјоделско земјиште значајно е да се спомене, односно да се изнесат следните податоци. Вкупната земјоделска површина во РМ изнесува 1.319.000 ха, при што во обработлива површина спаѓаат околу 665.000 ха, односно 50%, а пасиштата опфаќаат 649.000 ха.

Според бонитетот од следните типови се групирани во 7 бонитетни класи, а во прва и II класа спаѓаат околу 290.000 ха, во 3-та класа 450.000 ха. Од вкупното змјиште во државна сопственоса се наоѓаат околу 20%, а во индивидуалниот сектор, односно приватна земја се наоѓа 80%. Во вредноста на вкупнтие аграрни пазарни вишоци општествениот сектор учествуваше со 60, а и сега веќе трансформираните претпријатија учествуваат со 67%, односно двојно повеќе од индивидуалниот сектор.

Просечната големина на земјишниот посед во индивидуалниот сектор изнесува 1,29 ха. по семејно домаќинство, односно по 0,14 ха. просечна парцела, па од таму произлегува ограничувачкиот фактор за профитабилноста и конкурентноста на индивидуалниот сектор, додека кај земјоделските претпријатија, односно комбинати и задруги, големината на земјоделските парцели се движи во просек од 50 ха. по парцела односно 5.000 до 20.000 ха. по претпријатие, вкупно земјоделско земјиште. Така што земјоделските претпријатија во изминатиот период благодарение на опременоста со средства за производство и со стручен кадар, беа носители на вкупното земјоделско производство.

Исто така, значајно е да се спомене дека во категоријата на угари и необработливи површини се наоѓаат околу 170 ха. земјоделско земјиште. Со донесувањето на овој закон битно е да се регулира понатамошното користење на земјоделско земјиште во индивидуалниот сектор, каде правите земјоделци потербно е да бидат обезбедени со земјоделско земјиште и истото вистински да го обработуваат, а истовремено возвраќаат со многу повисок производ. Но, исто така, да се регулира и обезбеденоста на земјоделско земјиште кај трансформираните претпријатија, кои плаќаат висока цена за приватизација и кои во досегашниот период беа носители на земјоделското производство во нашата држава.

Општ е впечатокот дека преку издвојувањето на 15% од обработливото земјиште од страна на земјоделските претпријатија и оние 170.000 ха што се наоѓаат под угари и необработени површини, ќе бидат целосно задоволени потребите за индивидуалниот сектор и со тоа ќе бидат создадени услови секој вистински земјоделец дополнително преку закуп да добие доволно земја и истата квалитетно да ја обработува, но и да возвраќа преку високо и квалитетно производство.

Сметам дека веќе со ова земјиште дека навистина индивидуалните земјоделци ќе бидат потполно задоволни со донесувањето на овој закон.

Што се однесува до земјоделските претпријатија кои се во тек на приватизација, со овој закон сеуште постојат некои неизвености околу користењето на земјоделското земјиште. Имено, во член 7 се вели: "Земјоделското земјиште во државна сопственост со кое стопанисуваат претпријатијата, односно земјодлеските задруги, а кое не подлежи на денационализација, со одлука на Владата може да се одземе од корисниците и да се даде на концесија, под закуп и плодоуживање на други физички и правни лица". Тука поставувам прашање. Која е сигурноста овие земјоделски претпријатија вложуваат во подобрување на земјиштето и плаќаат висока цена за приватизација кога веќе постои неизвеснот. Мое мислење е дека во овој член треба да бидат дефинира условите под кои ќе им биде одземено земјоделското земјиште, претходно дадено во закуп.

Потоа во член 23 се вели: "Земјоделско земјиште во сопственост на државата може да се даде во закуп на домашно и странско приватно или физички лица. Прашувам. Дали подеднакво можат да конкурираат домашното и странското правно и физичко лице од финансиска гледна точка, што ако домашното лице не може и не е во состојба да ја плати онаа цена што ќе ја плати странското лице кое ќе ја понуди, знаејќи дека имаме доста богати комшии. Дали може да се случи некои земјоделски комбинати или задруги платат огромни средства за приватизација на земјоделската механизација и застарените згради, а при тоа да остане без основното, без земјоделско земјиште, а во кој комбинат се вработени илјадници вработени, претежно се вработени они кои живеат во поголем процент на село, значи пак земјоделци.

Во член 51 се вели: "Корисниците на државно земјоделско земјиште во рок од 90 дена ќе одредат 15% од вкупното земјиште", реков и на почетокот дека потполно се согласувам со овие 15%, и дека добро ќе им дојде на оние прави земјоделци, меѓутоа и тука има нешто нејасно, затоа го поставувам следното прашање.

Бидејќи во законот е кажано дека блоковите не се предмет на расцепкување и добро е што е така, дали со задолжителното издвојување од 15% доколку нема надвор од блоковите толкава површина ќе се пријде кон растурање на тешко оформените блокови, што сметам дека ќе се направи голема грешка. Понатаму, бидејќи со донесувањето на Законот за трансформација на претпријатијата и задругите со општествен капитал, кои стопанисуваат со

земјоделско земјиште, во член 18 е нагласено цитирам: "за првите 5 години трансформираните претпријатија, односно земјодлески задруги не плаќаат закупнина".

Господа, во овој Закон за земјоделско земјиште никаде овој член не е спомнат и прашувам како ќе биде спроведен членот 18 за неплаќање на закупнина во првите 5 години, овој период, знаеме дека е еден од најзначајните периоди за успешно завршување на трансформацијата на овие претпријатија, бидејќи во тој период трае оваа трансформација односно приватизација.

Сметам дека е многу битно во членот 62 од Законот за земјоделско земјиште да се додаде нов став кој ќе гласи: "трансформираните претпријатија и задруги за првите 5 години да не плаќаат закупнина". Ова е значајно и од аспект што РМ по брзо и по успешно би го завршила процесот на трансформација на земјоделските претпријатија и задруги, а овој став може многу да придонесе за реализација на овој процес.

На крајот ќе кажам дека е направена голема неправда со земјоделското земјиште што е купено од страна на вработените, во земјоделските прептријатија и задруги а кое сега станува државно. Имено, издвојувани се големи средства од страна на вработените, односно од нивните плати за да се формираат овие идеални блокови што сега викаме дека не треба да се расцепкуваат, оправдано, и за да претставуваат сигурност на земјоделските комбинати, а во овој закон истите немаат дури никаква предност за добивање во закуп на тоа земјоделско земјиште.

Од сето ова произлегува министерот да прифати неколку амандмани, за да законот биде поспроведлив во пракса.

На крајот, бидејќи министерот го спомна во воведното излагање кажа дека некаде наесен ќе се склучуваат оние договори за давање под закуп на земјоделско земјиште. Јас би му препорачал на министерот и мислам дека ќе биде добро за сите земјоделци, без разлика дали се земјоделски претпријатија дали се индивидуални земјоделци кои ја земаат земјата под закуп овие договори да бидат склучени на есен, бидејќи есенската седиба не почитува временски период кој веќе е затекнат со извршувањето на есенската сеидба. Сето ова би требало да се заврши пред да се започне есенската сеидба, за да секој земјоделец може да планира каква есенска сеидба ќе извршува. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувна претседателе, почитуван министре, дами и господа пратеници. Читајќи го законот нема да го фалам, бидејќи како и во првата фаза на негово донесување со одредени промени од првата фаза на расправањето по овој закон, во суштина концепциски не се согласувам со содржината на истиот.

Начелно, сметам дека овој закон премногу :е во духот на моментот на политичко - економската состојба и уредување и развој на РМ, а повеќе тенденцијата кон постигнување на поголема економичност, пазарност, па и во земјоделието не се совпаѓа голем број од решенијата на таков тренд на тенденција кој го има РМ. Понатаму, премногу е поместена улогата на државата, во име на државата преку ресорното министерство за земјоделие и врзано со тоа премногу се уредуваат односите од јавен карактер и од облигационен, мислам граѓански карактер со изразена централизација, односно не либерално во духот на пазарното стопанство. Тоа ќе го поткрепам со следните коментари на пооделни делови од законот.

Прво, во делот на располагањето со закон, прва концепциска несогласност тоа е да и овој закон, иако сметам дека е во вкупните рамки на приватизација во РМ, дека неодминливо требаше да биде опфатен во поголем размер и делот на земјоделското земјиште, овој закон, за жал, не дозволува приватизација на државната сопственост на земјоделското земјиште.

Да ве потсетам, тоа предвидува во делот на располагањето со земјоделското земјиште предвидува само форми, јас ги квалификувам како најслаба форма на располагање, а тоа е концесиите, долгогодишен закуп и плодоуживање. Ако забележавте во образлагањето г-динот министер кажа, иако во расправата имаше доста предлози, иако одредени странски институции во консултирањето по законот го одобруваат тоа, значи не се дозволи да има можност и државната сопственост на земјоделското земјиште се приватизира.

Јас како член на ЛДП и нејзината пратеничка група се залагаме титулар над земјиштето. Во оваа смисла одреденоста на сопственоста на земјоделското земјиште на државна и на приватна, а со недозволувањето од државна промет во приватна сопственост, фактички се во голем број на (ги опоменува од Социјалистичката партија затоа што галамат),.мислам со недозволувањето на можноста од државна сопственост на земјоделско земјиште да има промет во приватна сопственост фактички се ограничува во голем број на случаи да како титулар што е потврдено во земјите од Западна Европа, каде што титуларството на приватната сопственост се покажува во многу случаи по продуктивно и по економично, а во нашиот случај овде тоа е под оптоварување на претходниот систем и со таква свест не се дозволува законски.

Во таа смисла ако спoредиме со Законот за денационализапија кој овде некои пратеници го поврзуваа со овој закон, дека со тој Закон за денационализација и со овој толку многу на земјоделците им се овозможува да дојдат во прилика за користење на земјоделско земјиште што мислам дека, по мое убедување, е апсолутно неточно.

Прво, да ве потсетам со Законот за денационализација од враќање на земјоделско земјиште беа исклучени. Експропријацијата, арондацијата, комасацијата и ако е земјоделското земјиште во блокови, со закон се создава со сопственост. Со овој закон, фондот од државно земјиште се исклучува од можност за приватизација. Треба да се каже не, дека постојните земјоделци кои во голем број користат фондово земјоделско земјиште со ова ќе им се доближи нивниот дофат до земјоделството, туку во многу оптоварена статусна положба ќе дојдат, поради тоа што со новиот закон повторно мораат да ги регулираат своите односи, дали сакаат концесија, дали сакаат долгогодишен закуп, краткорочен закуп или плодоуживање. Со тоа државата повторно си го задржува титуларството, не го добиваат земјоделците, туку државата го задржува своето монополско право да им го даде, да им го додели, со што нивниот статус ке се регулир а според мене наново под многу н ови услови на регулирање на меѓусеб-ните односи, како што кажа министерот до есен, со нови надоместоци, однсно кажано поинаку кирии и по мое убедување во многу ќе стане по неповолна положбата на земјоделците кои досега земјиштето го користеа под постојните позитивни прописи на

користење на земјоделското земјиште или неможноста да дојде од државно земјиште во приватно во случај, кога само ќе потсетам, што не ми беше прифатено во расправата по првата фаза од законот, оние кои биле претходни сопственици го откажале земјоделското земјиште поради тогашните даночни оптоварувања, примање детски додаток, па како можат тие да немаат некоја форма од тоа кога било нивно, но поради некои околности што постоеле во тој момент пред 40 или 50 години, тие да немаат можност, а со кое право државата си го задржува правото и на таквите претходни сопственици, да не им овозможи да бидат повратници на сопственоста на земјоделското земјиште.

Во делот на законот што го регулира користењето на земјоделското земјиште, посебно е изразена централизацијата што ја форсира предлагачот и во содржината на овој закон. Таму за користење на земјоделското земјиште нормално се плаќа надомест, тоа е за фондовото земјиште и тој надомест кажува дека ќе се централизира во министерството за земјоделство, а оттаму Владата на предлог на министерството ќе донесувала некоја програма во која ќе се освојуваа нови земјоделски пворшини. Јас не знам како моите колеги од СДСМ кажуваат дека овој закон ги задоволува интересите на земјоделците.

Јас исто така претставувам една изборна единица која е земјоделска и таму едногласно и еднодушно е барањето дека не е логично, не е природно од надоместокот за користење на фондовото земјиште да се централизира, иако што тие велат во Скопје и од Скопје, потоа да се дели во Демир Хисар, Делчево итн. Многу е битно да се утврди приоритет на критериум таму каде што се створени приходи од земјоделство, да се користат таму каде се реализирани. Зошто е ограничување само за освојување на нови земјоделски површини? Па земјоделството е многу широк поим. Па толку ли нема други намени кои се во поширока смисла наменети за земјоделството, па и за развој на селата, што повторно ќе имаат крајна цел приод кон одржувањето и развојот на селата.

Мислам дека таквата централизација како и да се објаснува не е прифатена од предлагачот, мојата расправа повторно не е прифатена, јас се обидов и на непосреден начин да извршам убедување, но сметам дека не е предметно да се поставуваат и амандани, бидејќи штом предлагачот е наклонет кон централизација, сметам дека таквото централизирање на тие средства каде од средствата за долгогодишен и краткорочен закуп одат во финансирање на оваа програма, но потенцирам средствата што се од надоместокот за концесија одат како приход на Република Македонија. Значи толку има задоволеност на изворите на приходи за земјоделството, така што еден дел што се остварува од приходите на земјоделството при давање на концесија ќе го потмонагаат и буџетот на Република Македоија, а не онаму каде што се реализирани, односно во земјоделството.

На крајот сакам да кажам за оваа социјална мерка на законот, иако јас објаснив аргументирано со квалификување на институтите на социјални категории, дека оној опфат што го има дадено предлагачот во тој опфат не се застапени приматели на социјална сигурност кои не се водат како невработени лица на евиденцијата на невработени. Што значил има една структура на граѓанско која не е во евиденцијата на заводите за вработување, е во евиденцијата на центрите за социјал-ни работи и тие се втори по застапеност на невработените, покрај стечајните, технолошките работници и оние кои немаат ниедно вработување, иако има такво аргументирање, повторно и во овој предлог во втора фаза предлагачот пак тоа не го прифаќа, односно и понатаму инсистира една структура за која веќе се дава таква благостиња, така да кажам, хуманитарна, хумана зошто не се опфати и таа структура ко ја може би е позагрозена од овие што се невработени и се водат во евиденцијата на невработените како стечајни работници, технолошки вишок итн. Тоа е една структура. Сметам ако има расположение и простор од предлагачот, тоа би го интервенирал и со амандман, а мислам дека неприфаќањето на таа забелешка иако аргументирана, не ми ја објаснија.

Од сите овие напред кажани причини овој закон нема да го поддржам, затоа што во контекст на ова, не дека со овој закон се заокружува системското регулирање на односите во земјоделството. На почетокот на утврдувањето на дневниот ред имавме интервенција од три поголеми региони во Македонија, кога рековме дека тоа системско уредување решено со законот за води се покажа дека предизвика големо реагирање од самите земјоделци на теренот, дека спроведувањето на тој Закон за води создава реакција на незадоволство.

Исто така, ние донесовме ратификација на неколку договори од областа на земјодлеството, како гаранција на Република Македонија за кредитна помош на земјоделството, каде еве да кажам за информирање, а сигурно министерот знае, освен една банка ниедна друга банка не пласира кредитни средства во земјоделството, со едно образложение од комерцијална и други банки кои велат дека, е ризично да се пласираат средства во земјоделството, така што во сегашнава состојба вистински земјоделец кој сака финансиска поддршка и кредитирање во земјоделствсто, нема каде да се обрати за финансиска поддршка, иако државата се обврза со гаранција и преку Владата има примена неколку комерцијални банки, финансиски да го поткрепат развојот на земјоделството и сточарството. Во овој момент тоа не е возможно. Било ризично во земјоделството, па што тогаш со заокружувањето на оваа законодасвна регулатива ние ќе придонесеме за подобар развој на земјоделството.

Сето тоа оди во прилог дека фактички законите се носат, еве последниов, за гарантирање и уште поголемо зацврстување на улогата на државата во земјоделството и една подредена улога и зависност, во конкретниов случај на земјоделците, од тоа како и што ќе им даде државата.

Во таа смисла, овој закон јас не го прифаќам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Трипуновски.

**МИРКО ТРИПУНОВСКИ:**

Почитуван претседател, колеги пратеници, г-да министри, опомената на Панчо беше во правец на конструктивен приод кон законот од нашата страна, не во негативен. Но, желбата да се произнесам е следна.

Прво, говориме за закон кој одвај опфаќа земјоделско земјиште од 17,5%, кое треба да биде во државна соспственост. Значи, зборуваме за еден мал дел земјиште кое треба да го добие сопственикот господар.

Второ, законот кој го имаме денес на расправа, веднаш да кажам дека ќе го прифатам, бидејќи во делот на своите објаснувања има европски тенденции и определби за користење на земјоделското земјиште. Со тоа сакам да кажам дека членот 3 од предложениот закон во кои се објаснуваат употребливите поими,14 по ред лексикографски објаснети, сметам дека ја даваат правата содржина на она што значи донесување на Закон за земјоделко земјиште.

Членот 14 во истиот закон кој го спречува уситнувањето, сметам дека е сериозен и во функција на по рационално користење на земјоделското земјиште и давање можност, што сигурно е една од битните основи во нашето окрупнување на земјоделското земјиште и е спротивно на она што значи дека некој со можностите кои ги дава законот во трите облици ке ја уситни и ке дојдеме до една нова аг-рарна реформа.

Новина е во тој став што токму тоа земјиште ќе биде дадено на понуда на јавен оглас и ќе имаат право сите кои имаат интерес и желба да имаат исти права и исти обврски спрема она што го нуди законот. Членот 15 ја образложува државната сопственост која може да се даде под тие три форми, концесија, закуп и плодоуживање и во тој правец јас ја поздравувам определбата што законодавецот, односно предлагачот на законот даде можност да може да се откупува земјата и на пет години закуп, кој го крсти како краткорочен. Но определбите за долгорочен закуп и можностите во однос на ова што се даваат на јавен конкурс и јавен увид ја даваат проблематиката на реално разрешување на прашањата, во однос на донесување на овој закон.

Сигурно никој од оние сопственици кои во членот 23, т.е. се дава правото на еднаква можност на странски и домашни државјани т.е. на граѓани да имаат исти права и обврски, го потврдува мислењет дека законот ја добива својата содржина на европски карактеристики и европски определби. Затоа што давањето на можност на странскиот и домашниот закупувач да има исти услови, според мене, сметам дека даваме можност за поголеми инвестициони вложувања во земјо-делството. Затоа што, ниеден странски вложувач не може да ја однесе фармата за крави, за овци или некоја друга фарма на рамо во сопствената земја. По периодот на изминување на концесијата, тие објект останиваат во државата.

Доагам до членот 28, кој сигурно е еден од оние кои ја остварува улогата на државата од социјален аспект, бидејќи таму е запишано дека сме и социјална држава. Но во тој член каде Владата се определува, т.е. треба да ги определи категориите на корисници, сметам дека треба да добие еден нов пропис и една нова форма во која ке се определат луѓето кои ќе ја користат оваа погодност и овие можности во областа на земјоделството.

Меѓутоа, добро е што со овој член се определуваат категориите на социјално необезбедени лица, како прво, второ, на земјоделци без со сопствена земја, а ние такви имаме во државата, стечајни работници, технолошки вишок и невработени кои ја добиваат земјата во вид на службеност, а тоа значи дека ја добиваат без надоместок и без надокнада. Сметам дека определбата да ја добијат без надоместок и со реален пропис и реално определување на тие луѓе е квалитет во овој закон.

Еден од елементите за кои сакам да проговорам е и заштитата на земјоделското земјиште од загадување. Во членот 31 изрич-но е речено дека тоа оди со забрана, ограничување спречување и сето тоа го спроведува министерот. Мислам дека овој член има потреба од координација со повеќе министерства, бидејќи подземното загадување на земјиштето, надземното загадување на земјиштето не може да го следи само министерот за земјоделство.

И последното поглавје е пренамената на земјоделското земјиште, која се одредува како трајна и времена. Во тој обем пренамената која се прави, се плаќа надоместок според остварениот катастарски приход. Овде размислувам во правец пренамената на земјиштето од обработливо во употребливо на изградба на згради и фабрики, да има позитивен и негативен од онаа категорија на земја која нема добар квалитет, нејзиниот бонус е повисок од категоријата за едно реално земјоделско производство или помал, да оди редуцирано во позитивна и негативна насока со некој фактор кој би се движел меѓу 10 и 15% од употребливата која има земјоделска намена и од онаа која има помала употреблива вредност во тој правец.

И уште едно размислување, определбата 15% од земјиштето на сегашните земјоделски комбинати да биде дадено на земјоделци кои би го користеле индивидуално би требало да има една реална карактеристика. Каде е тоа можно, колку е можно и како ќе се користи тоа земјиште, дали ова земјиште ке биде обезбедено со инфраструктура, а под тоа подразбирам пристапен пат, систем за наводнување и сите елементи кои следуваат на едно такво земјиште.

Во тој дух, го поддржувам законот за земјоделско земјиште и сметам дека ќе придонесе во конкретизација на сите закони кои досега ги донесувавме во областа на земјоделството и руралниот развој.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани колеги пратеници, очигледно дека како што најави министерот ги заокружуваме и законите кои претставуваат пакет закони од аграрот, со тоа што евидентно е дека овој закон практично ја реафирмира познатата филозофија која веќе станува и кај нас правност, а тоа е дека земјата не ни е наследство ниту од татковци ниту од дедовци, туку е позајмена од нашите деца и внуци, значи од идните генерации.

Во најголем дел законот се обидува тоа да го стори, практично да создаде еден култ кон она што значи земјоделско земјиште, тука е нагласено, да се разбереме, закон за земјоделско земјиште не е ова закон за земјиште, со сите негови импликации и прекопувања дека земјоделско земјиште може лесно да биде дерогирано, да биде практично не земјоделско и обратно, освојување на површини кои можат да бидат утре земјоделско земјиште. Очигледно дека провејува една филозофија на еден многу би рекол пристоен и прифатлив начин, дека сепак ние признаваме дека од земјоделското можеме да остваруваме пристоен приход и доход, кој ќе значи гаранција за еден поспокоен живот на граѓани во оваа држава. Тоа го признаваме со она што значи одговорност во применување на неопходни агротехнички мерки, наведени се сите тука, во низа компетенции на министерството и други институции да преземаат мерки, ако тие активности не се преземаат и со еден збор колку да е тоа непријатно,

сепак може да се следат вкупните состојби во аграрот од една компетентна и одговорна личност, а тоа е министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Е сега, кога веќе изградуваме еден имиџ, еден култ дека и од ваквото земјоделие може да се живее, затоа што овој закон во најголемиот дел предвидува правила на игра кое земјиште може да се позајмува, кое земјиште и како ќе се оттуѓува, со чија предност, кои парцели можат да се дадат и кому, со конкурс, со низа услови итн. Меѓутоа, она што го очекувавме и го дискутиравме во Законот за денационализација, објективно министерот за земјоделие не можеше да го елиминира како недостаток и како големо очекување од тој Закон за денационализација.

Имено, во членот 6 стои прецизно дека со земјоделско земјиште што од поранешните сопственици е одземено со присилни прописи, значи национализирано, државата не може со него трајно да располага, подарува, продава и разменува, и сега она најопасното, освен ако со закон не е поинаку уредено. Значи, постои реална опасност еден дел од ова земјиште национализирано, за кое што во сите законски проекти оставаме некое идно поповолно време да го регулира, да ја отстрани таа историска неправда, тука е збунувачко, овој дел од оваа реченица дека може да се донесе некој закон што поинаку ќе ја уреди таа материја, за да она што го спомнаа неколку претходни дискутанти, ќе дојдеме во состојба да не им враќаме на поранешни сопственици, а многу лесно ќе дадеме земјиште на нови концесионери кои 40, 30 години ќе користат земјиште што можеби е точно парцелата од некого одземена. Ќе има и такви случаи нели. Затоа што притоа окрупнување, нормално водено е сметка за технолошка и аграрна целина и повторно сега се навраќаме на слични размислувања и претпоставки.

Мислам дека е испуштена шансата во овој закон да почне да се реализира еден дел на Законот за денационализација што не можеше прецизно да се определи. Со тоа што отстапувањето на земјиште место да биде под концесија, тие парцели можеа слободно да се компензираат, со тоа што ќе се вратат на сопственици на кои што тоа земјиште им е одземено. Практично, елиминираме еден од најголемите и најсилните аргументи на Законот за денационализација, дека се потребни огромни средства за обештетување што државата во овој момент ги нема. И, точно е така. Или, можеби со некој пропис или закон, што брзо ќе дојде, но овој закон влелгува во сила по 8 дена. Дури и ние тука инсистираме како пратеници на одредена динамика, земјиштето што се издава под концесии да биде регулирано во текот на овие месеци за да може да се фати есенската сеидба, во правиот оптимален рок.

И, зошто сега пропуштаме шанса да вратиме дел од земјиште на поранешни сопственици, а тоа што останува или е дискутабилно или не е со соодветен бонитет нека остане да речеме за некоја идна фаза. Тоа е она што во овој закон не се направи, а требаше да се направи.

Следната работа што очекувавме, но и бевме скептици е дали ќе може објективно да се изврши распределба на овие 15% државно земјиште, на категории граѓани кои се нотирани, ги познаваме и се заинтересирани први за трајно решавање на нивната егзистенција. Можеби тоа е клучното прашање. Предвидени се комисии од министерството за земјоделие. Верувам дека нема да бидат тие од Скопје, иако имаше овде такви размислувања од пратеници. Сигурно тие комисии ќе бидат назначени од министерството, но ќе бидат стручни или други лица од теренот, од таму од каде што тоа земјиште ќе треба да се распределува. Тука, сега за мене, настанува најголемата енигма или ризичност дека ова земјиште што ќе биде доделено на идни потенцијални земјоделци, дали ќе ја оправда идејата овој закон, идејата дека на тие 15% земјоделско земјиште ќе имаме повисоки приноси, ќе имаме повеќе храна и кои додатни услови треба да се исполнат за точно таа најголема идеја и да се реализира.

Сега повторно се враќаме на она што го имаме сега. Дали е доволно само да дадеме земјишти било кому и утре да очекуваме одредени ефекти ако тоа не го следат она што сите го чувствуваме и сакаме да биде комплетно интервенирање во аграрот? Тоа се поволни кредити, за она што значи механизација, затоа што ние ќе дадеме земјиште, а механизација не даваме. Ниту имаме право да земеме од комбинатите.

Значи, за да се обработи земјиштето добиено со концесија, ни треба механизација, современа. Ни требаат поволни кредити за објекти, предвидени се. Особено што примарното производство секогаш имплицира финално производство како гаранција за поголеми ефекти. И, повторно сега ќе се судриме со фамозните кредити, поволни кредити наменети за развој на земјоделството. Не можеме ова земјиште да го поделиме и да не не интересира што ќе биде со тоа, дотолку повеќе што, јас барем, не најдов елементи и во овој закон што размислуваат дека можеби некои од тие концесионери, идни концесионери утре ќе биде незадоволен и кои се последиците да рече благодарам, јас потпишав договор на 40 години концесија, меѓутоа за овие две - три години јас немам доход, приход не можам да ги остварам своите планови, ќе ве молам земјиштето да го вратам.

Не се предвидува што тоа би значело, освен она што е напишано општо како облигационен однос. Ако ние во една ваква активност предвидуваме облигациони односи, значи адвокати, правници, судии, целта нема да биде постигната.

Поентата ми е следна, најголем број од пречките да се добијат поволни кредити е практично од сите банки на прво место неквалитетни хипотеки. Значи, хипотеки што банките не ги признаваат. Тие бараат квалитетни хипотеки, од она што значи пред се деловен простор, а после се друго. Сега, каде сме? Сега сме во еден круг. Оние заинтересирани за оваа материја знаат дека земјоделско земјиште не се признава за хипотека. А велиме единствено земјоделско земјиште не може да се отуѓи на страни лица, земјоделско земјиште тешко може да се создаде и во најголем број земји земјоделското земјиште е најсилната хипотека. Затоа што во него нема ризик.

Наметнав тема за размислување на почитуваниот министер, ќе дадам поддршка на овој закон со сите овие забелешки и конструктивни размислувања. Ќе го гласам и како Демократска партија на Македонија и јас лично како пратеник. Но, со една молба и обврска под итно во идниве кредитни задолжувања, земјоделското земјиште да избие на прва линија по критериумите на квалитет на хипотеки. Затоа што земјоделското земјиште не може да се однесе, не може да се руши, не може да биде не квалитетна инвестиција.

И мислам дека, ако во целиот закон провејува дека мора да создаваме култ кон ова земјиште, има ли посилен аргумент за сите нас пратеници, посебно зо министерот и Министерството ако се избориме дека хипотека на земјоделско земјиште е гаранција за сите

оние други аргументи што јас овде ги изнесов како предуслов за успешна инплементација на овој Закон за земјоделско земјиште. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Ризван Сулејмани.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван претседателе, почитуван министре, почитувани пратеници, само неколку зборови во врска со предложениот Закон за земјоделско земјиште, го поздравувам донесувањето на ваков закон, што колку - толку ќе воспостави ред во користењето на земјоделското земјиште.

Сигурно, со овој закон се тежи да се надминат одредени неправилности што досега владееја во оваа сфера од стопанството, иако лично мислам дека можел и се уште може нешто повеќе да се направи да добиеме по квалитетен закон.

Во предложениот закон е за поздравување тенденцијата на одредена количина државно земјиште да им се даде на користење на разни наброени овде, на земјоделците, но тоа за мене не е доволно, бидејќи сите факти и аргументи укажуваат на тоа дека земјоделското земјиште можеби максимално да се искориси, само навистина ако се даде на правите земјоделци. За тоа има милион факти. Не треба да се прошета, доволно е да поминете до Сарај, не мора ни до Сарај може до Карпош, кај покриениот базен. Ќе видите една огромна површина што со години не се користеше денеска е преворена во вистинска плантажа, што во моментов храни неколку земјоделски фамилии прочуени на теренот од каде јас доаѓам. Не само тоа, таа земјоделска фамилија што минатата година работеше на тоа земјиште, веќе оваа година има обезбедено други 30 хектари земјиште за производство на раноградинарски производи и ќе остваруваат огромни девизни средства, со оглед што планираат тоа да се експлоатира надвор.

Затоа, сакам да кажам дека требаше и мора да се направат напори едно земјиште што досега остануваше неискористени или минимум искористено да дојде до правата фамилија што има традиција, знае и вековно е поврзана со таа работа.

Она што неколку пратеници овде го кажаа, а јас ги поддржувам тие мислења, мислам дека Министерството за земјоделие требаше да направи напори она што го испуштивме како шанса при донесувањето на Законот за денационализација т.е., дел од градежното земјиште односно и експропреираното земјиште да се направи напори со овој закон нешто да се среди и конечно, земјоделците на кои им е одземена да може да им се врати. Такви случаи имаме полно. Дури и категорија земјиште под IV -та и V-та класа што е прогласена како градежно земјиште уште поед 10 години, а се уште не се користи за намената за која е земено, да им се дозволи земјоделците во чија сопственост пред тоа беше да може да ја користа и да остварат максимални профити. Ова беше голема шанса да се исправи таа грешка.

Второ, за мене, членот 28 премногу идеолошки звучи на едно минато време. Се обидува преку членот 28 одредена количина земјиште да се даде на стечајни работници, на земјоделци кои немаат земја. Јас се прашувам дали и кои ефекти со тоа ќе постигнеме? Длабоко сум убеден, бидејќи потекнувам и самиот од такви средини каде се живее од земја, стечајниот работник кој со години, 20 - 30 години е квалификуван, работи на друга проблематика, да го вратиме денеска на земјиште со некои минимални бенефиции, верувајте ниту тој ќе има ефекти, ниту ние како држава ќе го исполниме она што го бара. Затоа што тој, евентуално како стечаен работник може да обработи една многу мала количина на земја, а да не зборуваме дека тој може да се претвори во еден добар и квалитетен земјоделец, со оглед дека за тоа треба и средства и машини и сета придружна логистика.

Затоа, мислам дека никакви ефекти со тое нема да постигнеме. Најголемите и најдобрите ефекти, по мое длабоко убедување, ќе ги достигнеме ако тоа земјиште им се доделе на оние кои знаат, сакаат, имаат и машинерија и цела опрема, со тоа што ќе создаваат предуслови стечајците и сите други да можат на овој или оној начин да бидат опфатени во процесот на обработка.

Затоа го поддржувам овој закон, со убедување дека и преку амандманската расправа нешто квалитетно ќе се подобри, го подржувам, со тоа што барам, како и другите пратениците ресорното министерство да направи напори овој закон да се спроведе во живот.

Можеби на крајот и пропуштив, можеби тука беше шанса, време и можност, уште една категорија, уште една власт што е испоставена, локалната власт. Јас, како и некои други пратеници, исто така мислам дека премногу е централизирано, бирократизирано давањето на земјиштето во тие категории на можности што постојат со овој закон. Мислам дека имаше место овде да биде, да може да се вклучи и локалната самоуправа што во најнепосредба близина е, ја надгледува, непосредно е до корисниците на земјоделското земјиште. Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор?

Има збор г-дин Докузовски, министер за земјоделие, шумарство и водостопанство.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Нема да ги коментирам сите дискусии. Логично е дека по една вака сложена материја мора да има и различни гледања.

Пред се благодарам за длабокото интересирање за овој закон и за искажувањата што беа дадени. Би дал коментар само за некои.

Прво, точно е тоа дека станува збор за комплексен закон. Не случајно кажав дека со ова само неизвесноста во оваа проблематика на земјиштето ја елиминираме. Се знае дека сега имаме државна земја што ќе се дава на начин како што е дадено во законот и приватна земја. Трето не постои. Не постојат селски земјишта, градски земјишта итн. Со ова ги елиминираме и пречките што ги говоревме во развојот, во кредитирањетоТ Се поставува условот какво е прашањето со земјиштето?

Одговорот е овој. Го решаваме статусот на претпријатијата што се приватизираат, со што располагаат во однос на кредитите и статусот на другата земја што ќе ја даваме на земјоделците. Законов, низ широки облици им дава можност на сите категории, потенцијајќи ја категоријата социјални случаи да користат земјиште како можност, со терминот "плодоуживање". Значи, никакво друго право. Не смееме да ја испуштиме таа категорија луѓе бидејќи Уставот, ќе повторам, предвидува дека Македонија е и социјална држава. Мора да водиме сметка за тие категории.

Ако концептот на законот појде од тоа да окрупнуваме, не да рушиме, бидејќи цел свет тоа го прави, разликите што постоеја при правење на законот од некои експерти, од некои држави во светот зависи од каде доаѓаа беа на оваа релација. Затоа не прифативме државната земја да се продава. Таа работа може да ја направи еден друг Парламент многу лесно, со еден закон.

Го задржавме ова решение прво за да ги решаваме прашањата на враќање на земјата од тие што е одземена. Ќе ја враќаме од оваа земја повторно. Од овие што сега ја користат на начин пропишан во двата закона. Државната земја не ја продаваме и заради тоа што не е еднакво распоредена во државата. Имате територии каде што воопшто нема државна земја. А територии каде што државната земја е создавана со инвестиции и со работни акции и ние не смееме да ја допуштаме таа работа. Идејата за продажба на државната земја не ја коментирав претходно, но сега морам да ја коментирам. Американскиот модел што ни го предлагаа овде го применевме ќе значеше продавање на земјата. Но тоа тие самите не го прават во Америка. Австралискиот модел не можеме да го прифатиме. Не сме како Австралија земја со ненаселено земјиште, каде што пасе добиток неограничено. Ние имаме ограничена земја. Тој модел не можеме да го прифатиме, иако тие го предлагаат ситнењето. Во една Америка еден фармер располага со 180 ха земјиште и тоа им е малку и сметаат дека треба тоа да се тендира на уште поголема површина.

А во нашата земја нашиот земјоделец 58 фармери имаат по 0,5 ха земја. Ако ние таа државна земја што ја имаме малку ја продаваме и суверенитетот ќе биде важен. Од таму е доста комплексно прашањето. Јас експертите од странство, од Европа ги прашав зошто во Холандија министерот за земјоделство им е најголем во унијата, затоа што Холандската Влада купува земја од фармерите. Зошто Германија се споија земјата не ја продаде. Го одложи за 15 години продавањето на земјата.

И на крајот да ги погледаме соседите Исток - Запад понатаму во земјите во транзиција каква е земјата, дали е обработена или не. Ние сме пример, не заради министерот Докузовски, или Владата што го прави ова, сепак сме пример каде земјата сеуште се обработува.

Меѓутоа, носиме закон и сакаме да кажеме јасно тука не како со водите што ги толкуваме како сакаме. Во него пишува јасно кој нема да измири обврска, нема право на користење. Не сега да кажуваме законот е лош. Законот е супер. И овој закон треба да биде сега јасен. Земјата нема да се дава на селани, колективно или таму како што е во прилепско. Деновиве како што беше пред неколку месеци со жени и деца да излеземе надвор, па дајте оваа земја ќе ја земеме ние. Не, земјата ќе се даде на конкурс. Кој ќе плати повеќе, кој ќе понуди програма да ја користи порационално, тој ќе ја добие. Затоа што ниту концепцијата да ја дадеме на селото, што беше спомнато овде, под името на социјални случаи на секој, не е прифатлива, јас не ја толкувам така. Тоа би значело сега да правиме од таа комплексна земја ситни парцели, да се враќаме назад. Ќе се даваат комплекси на земјиште исто, без обврска, без право тие да се парчат. Ако земеме еден комплекс од Пелагонија, еден блок, во рамките на тие 15% ќе се дава како блок, кој ќе претставува целина.

Без оглед за која категорија луѓе се работи. Рековте терминот селани нема да биде, туку ќе се дава на конкурс, кој ќе даде повеќе и програма за порационално користење. Господинот Томе добро кажа, ние мораме да создадеме такмичење и не сме сигурни дека тој ќе ја користи повеќе. Затоа има строги договори кои произлегуваат и од Законот за концесиите. Ние тука се повикуваме на тој закон, кој што е јасно регулиран како се постапува кога некој ќе понуди на пример да прави фарма говедарска, а ќе остане фармата на државата и тој може да ја напушти слободно бидејќи ќе го плати однапред делот за тоа земјиште.

Значи целта е таа да се обезбеди такмичење. И сега во Македонија имаме земјиште кое што се користи порационално и не смееме тоа да го заборавиме. Имаше и конкретни прашања да не ги повторуваме, членот 14 создаде доста дискусија, за тоа има и еден амандман.

Прво, членот 14 поаѓа од тоа земјоделците сопственици со цел да дојде до окрупнување на поседот кога е во прашање сопствено, лично, слободно изјаснување да си ја продаваат земјата, да ја понудат паралелно на сосопственикот, или на соседот за да ја купат тие, да нема ситнење. Значи концептот е повторно окрупнување. Логиката најмалку поаѓа од тоа дека сега еден странец од кој се плашиме дека ќе дојде, па ќе влезе во таа парцела која изнесува 1 ха, да вложи свој капитал и да ја остави неработена земјата, бидејќи тој не е државјанин. Нема логика во таа работа. Затоа ние не смееме да го ограничиме правото на странците да земаат земја под закуп, на концесија да учествуваат и да купат земја од овој земјоделец. Станува збор за она што сам е спремен да му ја даде таа земја, а не верувам дека некој од странство ќе вложи капитал во земјиште кое изнесува 1 ха, односно кај нас е тоа и далеку помалку тоа што се нуди за продажба. Сами кажавме дека кај нас земјиштето не се продава по правило. Тој страв не треба да го имаме.

Комбинатите со Законот за трансформација ја користеа земјата на начин како што пишува во Законот, домаќински до донесување на овој закон. Во овој закон предвидуваме во рок од месец дена претпријатијата по завршување на трансформацијата да дојдат со државата да ги регулираат натамошните обврски. Какви ќе бидат тие, оставено е со државата, бидејќи имаме небројни случаи што ќе се јават во практиката како тоа ќе се регулира. Ако имаме сознание дека некој комбинат веќе обработува земјиште кое утре ќе биде вратено назад, сигурно дека нема да биде дадено земјиштето на долг период на користење. Затоа е и кажана во законот можноста да се дава можност на закуп до пет години, за да може да создадеме простор за решавање на воие прашања, кои што практиката ќе ги наметне многу.

Јас отворено говорам дека ќе има оваа работа доста сложени прашања. И не само Скопје, сите подрачни единици се ангажирани, дури ќе ги ангажираме и оние експерти да ни помогнат, особено во делот на катастарот, каде состојбите се доста лоши, по однос на евиденцијата, која што би рекле е не ажурна, затоа што промените ние како сопственици на земјата не ги пријавуваме.

Членот 7 кој што беше спомнат како заплашување на претпријатијата и ќе стои и треба да стои, од причина што државата мора да има право на државната земја да пропишува друг пат и одземање, ако оцени дека тие услови што биле се надминале, настанале други состојби кои што треба да бидат право на државата тоа земјиште да го одземе.

Јас ќе завршам со тоа дека, прашањето што беше покренато околу централизацијата на средствата во државата, прво реков дека земјата не е еднакво државно распоредена, второ, средствата што се собираат

од пренамена на земјиште, ако ги пропуштиме да ги оставиме таму каде што се создаваат, би потхранувале локална политика на пренамена на земјиште, со цел да дојдеме до пари, а целта на овој закон не е, туку напротив да ја штитиме и толку малку пари ќе бидат со кои што ние не ќе можеме да решаваме комплекси како што стои во членот 11 по таа програма што треба да се носи. Замислата е повторно каде што имаме бари, трстици, шикари, РЕК Битола каде што експлоатира јаловина, да ја повратиме, каде што во државата ќе се прават автопати, земјиштето кое што е јаловина ќе го носиме таму каде што ќе се прават, да доаѓаме до нови површини. Тоа не се прави со ситни пари, ниту смееме да ги трошиме парите за други намени, бидејќи земјата е незаменливо богатство и треба да ги насочуваме само во тој дел. Не сум цврсто убеден дека се ќе биде така како што ви говорам, меѓутоа морам да кажам и да завршам дека овој закон, кој што во основа ги поставува работите и бара сите да се ангажираме во негово спроведување, бидејќи се отвара процесот на кредитирање, кој што навистина не е само една банка, туку има и други кои даваат кредити, тоа е ситница која што требе да ја направиме во земјоделството, а ќе повторам трансформацијата на земјоделството, гледано преку овој закон за земјиштето е една од најголемите пречки, што заостануваме последниве седум години во аграрот и овој закон создава малку повеќе услови да тргнеме малку напред отколку што беше.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници. Ми треба едно дообјаснување и така и така министерот дообјаснуваше за одредени дискусии, односно за мислења кои ги искажаа пратениците.

Во член 14, точно е тоа дека пишува и во новиот закон, односно во овој Предлог - закон, со цел да се спречи уситнувањето на земјоделските парцели и во функција на по рационално користење на земјоделското земјиште и примена на современи агротехнички мерки во случај на продажба итн. и после доаѓа кој има предност. Дефакто уситнување на земјиштето се случува,, тоа што во практиката го имаме или брат со сестра или сестра со брат итн., меѓутоа ние велиме секогаш дека не се одобрува и не се одобрува пренос, т.е. пренесување на земјиштето што веќе се уситнува во рамките на фамилијата итн.

Дали со ваков закон, бидејќи вакви прашања ми поставуваат мене, ако не ви е тешко господине министер да го дообјасните ова, јас не најдов член во овој нов закон, во овој Предлог - закон, дали и понатаму, тоа земјиште кое дефакто се уситнува, нема да се одобрува пренос итн., за сопственост на тој дел од земјиштето.

**КИРО ДОКУЗОВСКИ:**

Во претходниот закон постоеше таа пречка, доколку не се постигне согласност, неможеше да се заверат договорите. Овде многу едноставна е постапката. Паралелно составуваат со сопственикот и соседот во исто време од 30 дена, за да се заврши постапката. Штом тоа заврши, трет нема веќе. Држава порано беше претпријатие, задруга, па општината, па државата и до тоа додека не заврши траеше долго. Сега се треба да се заврши во рок од еден месец и штом некој дал повеќе за таа земја завршува постапката. Кај нас проблемот е друг. Со Законот за следување се прават сите овие проблеми. Тој допушта секој да прави што сака, но овој закон тоа не го ограничува.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали уште некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам општиот претрес.

Дами и господа пратеници, сакав да ве замолам, бидејќи министерот најави отсуство цела идна недела, би било добро да смогнеме сили овие два закона, имаме неколку амандмани по овој закон и следниот да ги донесеме, инаку ќе останеме за почетокот на идниот месец, со оглед на фактот што нема заменик министер за земјоделие и не можеме да обезбедиме таков компетентен претставник на Владата по оваа многу чувствителна материја.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиоски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче поднесоа амандмани на член 1, член 2, член 5 и на член 11, по кои не се произнела Владата.

ЗПК поднесе амандман на член 18 став 1 и на член 48 точка 1 и член 49 точка 1, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

ЗПК поднесе амандман на член 45 став 2, по кој Владата не се произиела.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 28 став 1 и на член 39 став 4, со кои се согласил претставникот на Владата и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство поднесе амандмани на член 3 за додавање на нова точка 8-а, на член 4 став 4, член 9, член 10 и на член 14, за додавање нов став 7, по кои Владата не се произнела.

Пратениците Славчо Чапов и Петар Талимџиоски поднесоа амандмани на член 14 став 2 и на член 41 став 1, по кои Владата не се произнела.

Отворам претрес по амандманот на член 1, поднесен од пратениците Илија Каров, Славчо Чапов, Петар Талимџиоски, Зоран Шапуриќ и Кире Видимче.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**КИРО Д0КУЗОВСКИ:**

Не се прифаќа овој амандман, бидејќи под заштита на земјиштето се подразбира и пренамената.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Колку пратеници има во салата? (58).

Продолжуваме во среда во 11 часот.

(Седницата заврши во 17,50 часот).